


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2018

Министерство за внатрешни работи
http://mvr.gov.mk/
02311 7222

3/25/2019

Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа

Бр.22.4.2.1-922/1

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за 2018 година

# СОДРЖИНА


I.ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО 6

1.1. Оддел за Европска Унија и меѓународна соработка 7

1.2 Оддел за информатика и телекомуникации 10

1.3 Оддел за граѓански работи 11

1.4 Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси 12

1.5 Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди 14

1.6 Оддел за односи со јавност и стратешки прашања 16

1.7 Оддел за финансиски прашања 19

1.9 Оддел за прекршоци 21

1.10 Центар за обука 21

2.1.СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛ 23

2.2. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА 24

2.3ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА 26

2.3.1 Организирани криминални групи 27

2.3.2 Корупција 28

Класична корупција 29

Коруптивни злоупотреби 29

2.3.3 Перење пари и фалсификување пари 30

Перење пари 30

Фалсификување пари 31

2.3.4 Трговија со луѓе и криумчарење мигранти 32

Трговија со луѓе 32

Криумчарење на мигранти 33

Злоупотреба на безвизен режим 34

2.4.1.Кривични дела од областа на економскиот криминал 35

2.4.2.Злоупотреба на службената положба и овластување 35

2.4.3 Несовесно работење во службата 36

2.4.4.Компјутерски криминал 37

*2.5.1 Кривични дела против животот и телото* 38

*2.5.2 Кривични дела против имотот* 39

*2.5.3 Кривични дела против половата слобода и морал* 41

*2.5.4 Семејно насилство* 41

*2.5.5 Останати кривични дела од класичен криминал и други безбедносни појави* 42

*2.5.6 Пожари* 42

*2.5.7 Кривични дела од омраза* 43

***2.6 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА*** ***43***

*Откриени кривични дела* 44

*Заплена на дрога* 44

*Организирани криминални групи* 45

*Меѓународни транспорти* 45

*Откриени лаборатории* 45

***2.7 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ*** ***46***

*Откриени кривични дела* 46

*Запленето оружје* 46

*Меѓународни активности* 47

***2.8 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ*** ***47***

***2.9 СОСТОЈБИ СО ЈАВНИОТ РЕД И МИР*** ***47***

*Протестни собири* 49

*Насилство меѓу ученици* 50

*Нарушување на ЈРМ на спортски натпревари* 51

*Напад на службено лице* 52

*Статистички податоци од областа на јавниот ред и мир* 53

***2.10 БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ*** ***54***

*Сообраќајни незгоди со потешки последици* 54

*Настрадани лица* 56

*Загинати лица* 56

*Превентивно-репресивни мерки* 57

***2.11 ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАНЦИ*** ***59***

*Илегална миграција* 59

*Гранични работи и граничен надзор* 61

*Гранични проверки, контрола на движење, престој на странци и преземени мерки* 63

*Престој на странски државјани по разни основи, преземени прекршочни и кривични мерки* 65

*ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА И УПОТРЕБА НА СРЕДСТВА ЗА ПРИСИЛБА* 67

***III.ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ РАБОТИ*** ***68***

*3.1 Спречување на вршење кривични дела и прекршоци (Превенција)* 69

*3.2 Активности за меѓународна и меѓуинституционална полициска соработка* 70

*Меѓународни активности на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал* 71

*Меѓуинституционална соработка* 72

*Потраги* 72

*3.3 Активности на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет* 73

*3.4 Активности на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа* 74

*3.5 Активности на Одделот за заеднички работи и управување со чоевчки ресурси* 75

*3.6 Активности на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења* 76

*3.7 Активности на Одделот за заштита на определени личности и објекти* 78

*3.10 Активности на други единици* 80



Заложбите за евроинтеграција и потребата за јакнење на функционалноста и капацитетите на целокупниот државен апарат заради заштита на правниот поредок и  системот за владеење на правото, претставуваа основен двигател во постапувањето и извршувањето на функцијата на Министерството за внатрешни работи, како составен дел од извршната власт и инструмент за заштита на сигурноста и безбедноста на граѓаните и институциите на државата.

Во текот на 2018 година, ресурсите на Министерството за внатрешни работи целосно беа посветени кон унапредување на процесите и јакнење на капацитетите за извршување на полициските и другите внатрешни работи, а резултатот од истите е преточен во ефикасно остварување на системот на јавна и државна безбедност и постигнување на успеси во борбата за спречување и сузбивање на криминалот.

Анализата на статистичките податоци, прогресот во имплементацијата на европските стандарди, како и движењето на реформските процеси во безбедносните и разузнавачките служби, имплицираат напредок во работењето на полицијата и извршувањето на внатрешните работи. Во таа насока, како дел од активностите за концептуално планирање и насочено постапување, значајна е улогата на донесувањето и на овој документ во кој се сублимирани официјалните податоци за работењето во текот на 2018 година.

Годишниот извештај е базиран на главните показатели за постигнатите резултати во зачувувањето на безбедноста и борбата против криминалот, реализираните активности во врска со имплементацијата на стратешките документи, реализацијата на проектите, како и за другите аспекти од работењето на Министерството за внатрешни работи. Извештајот го објавуваме на интернет страната на Министерството, заради транспарентно и официјално информирање на јавноста.

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**Оливер Спасовски**

# I. ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО



## *1.1Оддел за Европска Унија и меѓународна соработка*




Во интерес на **подготовките за отпочнување на преговори за членство на земјата во ЕУ**, во рамките на воспоставениот дијалог со Европската Комисија и Делегацијата на ЕУ, Секторот за преговори и евроинтеграција, континуирано изготвуваше материјали и информираше за текот, динамиката и имплементацијата на приоритетните цели и реформските процеси во Министерството за внатрешни работи, при што особено значајни се континуираните активностите за следење на напредокот, во врска со Придонесот кон Извештајот на Европската Комисија, односно изработката на материјалите за Поглавје 24-Правда, слобода и безбедност и Поглавје 23-од аспект на фундаменталните права кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи, како и координацијата и учеството на 13-от Состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи.

Во таа насока, Одделот активно учествуваше во работни тела за изготвување на нови законски мерки поврзани со усогласувањето на националното законодавство со ЕУ законодавство, подготовка на материјалите за министерските форуми ЕУ-Западен Балкан и слично.

Согласно методологијата за управување со проектен циклус и спроведување на обврските кои произлегуваат од ИПА програмите, во рамките на програмирањето на националната ИПА програма за 2020 година, земено е активно учество во новиот секторски пристап (Sector based approach) и подгрупата „Внатрешни работи“ за Секторска координација на ЕУ фондови, а исто така извршена е и подоготвка на стратешките документи за програмирање за ИПА II програмски период 2014-2020 и подготовка на изјавите и листите за гаранција на СПО и управување на ИПА Координатор за 2018 година.

***Позитивниот Извештај на Европската комисија за напредокот на земјата и усвоените заклучоци од Советот на ЕУ од 26.06.2018 година, кои беа потврдени од Европскиот совет на 28.06.2018 ја нагласија важноста од продолжувањето со реформите и испорачувањето дополнителни одржливи резултати во неколку области, меѓу кои и безбедносните и разузнавачките служби, вклучувајќи ја и борбата против организираниот криминал и корупцијата.***

Во делот на техничката имплементација изработени се проектни задачи, тендерски досиеја или твининг фише по однос на девет проекти, а покрај активностите за мониторинг, преземени се активности за спроведување, координација при имплементација, одржување работни состаноци и организирање на Управни Комитети. Во рамките на ИПА повеќе-корисничка програма, извршено е координирање на активностите во врска со проектите за соработка во кривичната правда: „Заштита на сведоци во борбата против организираниот криминал и корупцијата" – (WINPRO III) – Регионална програма-ИПА 2012 и „Сузбивање на сериозен криминал во Западен Балкан"-ИПА 2017. Во рамките на TAIEX инструментот за 2018 година преку Одделение за ИПА беа координарни активности за процесуирање на апликации за спроведување на експертска мисија, апликации за работилница и апликации за реализирање на студиска посета.

***Странска помош е добиена и во рамки на проектите „Интегрирана база за странци,вклучувајќи податоци од областа на азилот, миграциите и визите" во соработка со Кралството Норвешка и „Изработка на алатка за надградба на ИБАС за постапување по предметите за азил"-УНХЦР.***

Во врска со меѓународната билатерална соработка *склучени се договори за донација со* Сојузното министерство за внатрешни работи на СР Германија и со Министерството за внатрешни работи на Чешка Република, меморандуми за разбирање со Владата на Канада за меѓувладини трансакции, вклучувајќи набавка на безбедносна и сигурносна опрема, обуки и услуги, со Министерството за енергетика на Соединетите Американски Држави во врска со спречување на недозволена трговија со нуклеарни и други радиоактивни материјали и со Владата на Австралија за соработка во борбата против тероризмот. Исто така, склучени се договор за полициска соработка со Владата на Унгарија, спогодба со Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговијата со луѓе, заедничка декларација за процедури за замена на возачки дозволи со Сојузното министерство за транспорт и дигитална инфраструктура на Германија, потоа протокол за соработка во борбата против тероризмот со Министерството за внатрешни работи на Албанија, протокол за соработка во областа на борбата против трговијата со луѓе со Владата на Република Косово, протокол со Владата на Чешка Република за спроведување на Спогодбата меѓу Северна Македонија и Европската Заедница за преземање на лица со незаконски престој, Писмо за намера за безбедносна соработка со Министерството за внатрешни работи на Државата Катар, како и три имплементациски протоколи со Владата на Република Полска во врска со соработката во борбата со организираниот криминал и други видови криминал.
Во текот на 2018 година остварени се 10 билатерални средби на министерско ниво, 25 други средби на високо ниво, а учество е земено на 90 обуки, семинари и други работилници на меѓународно ниво.

Бирото за јавна безбедност оваа година беше претседавач со **Асоцијација на шефови на полициски служби на Југоисточна Европа–СЕПКА**, во рамките на кое беа организирани две генерални собранија и еден работен состанок за национални координатори и

аналитичари, како и склучено е партнерство меѓу Асоцијацијата и Иницијативата за интегрирано внатрешно управување договорени активности за изготвување на Извештајот за проценка на закани во Западен Балкан.

Во октомври 2018 година во Скопје се одржа работилница за собирање, анализа и споделување на податоци во врска со миграција во рамки на Прашкиот процес, што воедно беше и прв настан во рамки на ИЦМПД одржан во земја од регионот на Југоисточна Европа. Состанокот беше одлична најава за претстојното претседавање на Северна Македонија со ИЦМПД во 2019 година, а учество земаа 80 претставници од 23 земји, разни партнери на Прашкиот процес, како и претставници на високо ниво.

Регионална иницијатива за миграција, азил и бегалци - МАРРИ продолжи со спроведување на своите досегашни проекти „Поддршка на соработката меѓу граничните полиции на аеродромите во ЈИЕ - BORDAIRPOL II“, „Подобрување на постапки за утврдување идентитет на нелегални мигранти“ (база на преведувачи од ретки јазици) и проектот за техничка помош обезбедена од ГИЗ за реформски процес на МАРРИ.

Во периодот од 13 до 14 септември 2018 година, во Виена во рамки на австриското претседавање со Советот на ЕУ се оддржа Министерска конференција „Безбедност и миграција – промовирање партнерство и отпорност“ во текот на која беше потпишан Договорот за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила во регионот на КПС ЈИЕ и соодветниот Имплементациски договор.

*Во рамки на проектот База на преведувачи од ретки јазици, беше потпишан протокол, кој претставува правна рамка за воспоставување на регионалната база на податоци за толкувачи од ретки јазици во регионот на Западен Балкан со цел поддршка на националните институции во процесот на воспоставување идентитет на нерегуларните*

Оваа година Генералниот Директор на Центарот за спроведување на законот на Југоисточна Европа оствари посета на Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија, при што беше нагласена силната волја да се продолжи и продлабочи успешната соработка помеѓу двете организации, а истовремено Генералниот директор ја искористи приликата да додели специјална награда за Единицата за нелегална трговија со дрога заради успешно завршена операција во рамки на СЕЛЕК. На состанок на Советот на СЕЛЕК, одржан во декември во Букурешт, Романија, кандидат од нашето Министерство беше избран за Директор за правни и внатрешни прашања во СЕЛЕК.

Во рамки на проектот „Посебна мерка за поддршка на Македонија за управување со нејзината јужната граница во контекст на Европска миграциска криза“, помеѓу Меѓународната организација за миграција (ИОМ) и Министерството за внатрешни работи

на Северна Македонија, беа потпишани неколку договори за донација вклучително и: четири договори за донација на возила за секаков терен, рачен систем за скенирање на товар и возила, рачни термални камери со долг домет  и рачни термални камери со краток домет; четири договори за донација на локален центар за координација и комуникација со дополнителна опрема, трансмисиски врски со дополнителна опрема, четири скенери за детектирање срцеви отчукувања и 20 компјутери. Донацијата беше наменета за Одделот за гранични работи и миграции, заради поуспешно справување со актуелните предизвици поврзани со мигрантската криза; Договор за донација на две возила за функционирање на мобилните тимови за идентификација на ранливи категории лица, вклучително и жртви на трговија со луѓе.

Потпишан е Меморандум за разбирање меѓу Министерството и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, за спроведување на проектот за намалување на ризикот од пролиферација на оружје и муниција, кој предвидува зајакнување на довербата и безбедноста преку соодветни мерки за зголемување на безбедноста на постоечките залихи на конвенционалната муниција со што се намалува ризикот од пролиферација. Потоа, потпишан е договор за донација меѓу МВР и ОБСЕ, која се состои од техничка опрема за потребите на неколку организациски единици. Покрај ова, потпишани се дополнителни две донации кои се состојат од 161 парче ИТ телефони и компјутерска опрема.

## *1.2 Оддел за информатика и телекомуникации*

Стручните служби на Министерството чија надлежност се телекомуникациите и управувањето со информатичка технологија преземаа бројни активности за одржување во функција на сите технички и телекомуникациски системи, а учествуваа и во реализирање на повеќе стратешки проекти. Со својот начин на работа, Одделот даде придонес за целосно фунцкионирање на службите на Министерството и успешно продложи со имплементирање на проектите кои значат приближување до стандардите на Европската Унија.



Во делот на **информатичката технологија** беа реализирани  активности за имплементација на повеќе проекти и тоа: целосно е завршена надградбата на централниот систем за нови лични документи, додека надградбата на системот за персонализација е во тек и се планира да заврши во март 2019 година. Во рамките на проектот набавка на опрема за институциите во областа на правосудството и внатрешните работи, воспоставена е нова хардверска инфраструктура, поставена е нова апликативна платформа, како и апликативен софтвер за размена на документи со други институции. Изготвена е спецификација на проектни задачи за консултанти, техничка спецификација на опремата и спроведена е тендерска постапка за набавка на ИКТ опрема, во рамките на проектот „Набавка на опрема за имплементација на Business Continuity and Disaster Recovery систем и модернизација на примарната ИТ инфраструктура“.

Во рамките на проектот за воспоставување на единствен регистар на население како виртуелна институција во платформата за интероперабилност на Министерството за информатичко општество и администрација, завршени се сите активности во доменот на надлежности на Министерството за внатрешни работи. Извршена е надградба на системот за електронско учење, кој е поставен и функционален. За поддршка на работењето на Центарот за известување и команда, извршена е имплементација на билтенот на дневни настани во Секторот за внатрешни работи Битола. Понатаму, спроведени се и активности за развој и имплементација на софтверско решение за електронска евиденција на записник од сообраќајна незгода, а извршена е и пилот имплементација во три сектори за внатрешни работи.

Во областа на **телекомуникациите**, покрај извршувањето на редовните работни задачи за одржување во функција на сите технички телекомуникациски системи, континуирано се преземаа активности за реализација на стратешките проекти за Министерството: ИКТ систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работењето; беше имплементирана четвртата фаза за надградба на ТЕТРА системот, имплементација на проектот за единствениот број за итни повици Е112. Успешно беше завршен и проектот за подобрување на телекомуникациската инфраструктура на јужната и северната граница со инсталација на опрема. Понатаму, спроведена е надградба на VoIP телефонијата, извршена е замена на аналогниот систем со нов дигитален систем за видеонадзор на сите гранични премини, а поврзани се и осум пунктови за регистрација на моторни возила и полициски одделенија. Понатаму, учествувано е во изработка на техничка спецификација за потреби на проектот за намалување на ризикот од пролиферација на оружје и муниција заедно со ОБСЕ.

*Персонализирани се 577.745 лични документи, извршена е масовна обработка на податоци, извршено е инсталирање на 228 нови компјутери, тековно беа одржувани 3.400 компјутери, извршено е определување, одземање и ажурирање на пристап за 2.543 корисници на ИТ системите на Министерството.*

Во рамки на проектот ***База на преведувачи од ретки јазици***, беше потпишан протокол, кој претставува правна рамка за воспоставување на регионалната база на податоци за толкувачи од ретки јазици во регионот на Западен Балкан со цел поддршка на националните институции во процесот на воспоставување идентитет на нерегуларните мигранти.

## *1.3 Оддел за граѓански работи*

Одделот за граѓански работи, во текот на 2018 година, успешно ги спроведе активностите и задачите од негова надлежност, утврдени со програмата за целите и задачите на сите организациски единици од негова надлежност.
Во **Секторот за управно надзорни работи** во 2018 година, издадени се вкупно 212.918 лични карти, од кои 155.748 се лични карти на македонски јазик (ТИП-А), и 57.170 се двојазични

лични карти (ТИП-Б). Во матичните книги определени се вкупно 30.964 нови матични броеви, а донесени се 3.439 решенија за промена на личното име.

Оваа година се издадени **288.295** (274.706) **патни исправи,** што е за 5% повеќе во однос на 2017 година, а за патување во странство на малолетни деца издадени се 21.031 одобрение. На барање на надлежните судови се издадени 85 (27) патни исправи со одреден рок на важење, а поради изречени судски забрани за издавање на патни исправи, односно нивно одземање, донесени се 342 (470) решенија за одбивање барања за издавање на патни исправи или за одземање на патни исправи. Во дипломатско-конзуларните претставништва на Северна Македонија во странство, издадени се 3.761 патна исправа.

*Издадени се 212.918 лични карти, 288.295 патни исправи,6.081 дозволи за оружје, регистрирани 539.334 возила.*

Во текот на годината, се издадени се 56.656 (40.676) уверенија за државјанство, а во делот на постапките за стекнување и отпуст на македонско државјанство е постапувано по 1.676 (1.749) барања за стекнување на државјанство на Северна Македонија и 1.340 (1.494) барања за отпуст од државјанство. Притоа, донесени се позитивни решенија за прием во државјанство за 1.115 лица и за отпуст од државјанство за 1.379 лица.

Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност, вршеше надзор над правни лица кои вршат промет со оружје и муниција, експлозивни материи, запални течности и гасови, изготвуваше одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи. Во текот на 2018 година поднесени се вкупно 6.177 барања за издавање одобренија за набавување на оружје, од кои за 1.433 барања е позитивно одлучено, а 1.971 барање се одбиени. Издадени се 6.044 дозволи за оружје на физички лица, 14 дозволи за поседување на оружје на правни лица и 23 дозволи за носење на оружје (за вработените во правните лица кои вршат приватно обезбедување). Согласно Законот за оружјето во првата половина од 2018 година пријавени се вкупно 1.144 парчиња оружје од Д – категорија.

Во областа на **сообраќајот, годинава** се регистрирани вкупно 539.334 возила, при што, за првпат се регистрирани 43.406 од кои 10.708 нови возила, а 32.698 половно-увезени возила, а регистрацијата е продолжена на 495.733 возила. Исто така, издадени се 105.204 нови возачки дозволи, од кои 21.141 на лица кои за прв пат полагале возачки испит, а од судовите се примени 13.298 решенија за изречена заштитна мерка „забрана за управување со моторно возило" и 181 решение со санкција „престанок на важење на возачката дозвола".

### *1.4 Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси*

Во делот на нормативно-правните работи, а постапувајќи во насока на имплементацијата на европските стандарди и почитувањето на задолжителните директиви, односно усогласување со законодавството на Европската унија, како и обезбедување на системот за владеење на правото и подборување на услугите за заштита на правата на

граѓаните, во текот на 2018 година изготвени и донесени се седум закони за изменување и дополнување на законските прописи кои се во надлежност на Министерството, од кои три се однесуваат на Законот за полиција, две на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и по една на Законот за внатрешни работи и на Законот за оружје. Во однос на реформските процеси на безбедносно – разузнавачкиот систем, изготвен е текст на два нови закони и три закони за изменување и дополнување на постојните закони, кои се процесуирани во постапка за донесување, и тоа: Закон за Агенција за национална безбедност; Закон за координација на безбедносно – разузнавачка заедница; Закон за изменување на Законот за внатрешни работи; Закон за изменување на Законот за следење на комуникациите и Закон за изменување на Законот за странци.

***Изготвени и донесени се четири нови закони и тоа: Закон за меѓународна и привремена заштита, Закон за странци, Закон за следење на комуникациите и Закон за Оперативно - техничка агенција.***

Во делот на подзаконските прописи и другите интерни акти на МВР, донесени се 12 правилници, 10 упатства, три решенија, како и измена и дополнување на листата на експлозивни материи што можат да се пуштаат во промет.

Во текот на година, Одделот, преку своите претставници учествуваше во преговорите за склучување на следните меѓународни акти:

- Протоколот помеѓу Владата на Северна Македонија и Владата на Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе;

- Заедничка декларација за намера на Владата, застапувана од нашето Министерство и Сојузното министерство за сообраќај и дигитална инфраструктура на Сојузна Република Германија за процедури за замена на возачки дозволи;

- Спогодбата помеѓу Владата на Северна Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе;

- Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Северна Македонија и Владата на Австралија за соработка во борбата против тероризмот;

- Договорот меѓу Владата на Северна Македонија и Владата на Унгарија за полициска соработка и

- Протокол помеѓу Владата на Северна Македонија и Владата на Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

Оваа година склучени се Меморандуми за соработка со Комората на Северна Македонија за приватно обезбедување, Центарот за истражување и креирање политики, Цивил - Центар за слобода, организација за човекови права, мир и контрола на оружјето и Институтот за правни и политички истражувања, а исто така склучени се и седум договори за соработка со установи и други правни лица.

Во рамките на надлежностите на Одделот континуирано се изработуваат правни мислења по конкретни законски, подзаконски и меѓународни прописи, материјали и иницијативи во врска со изготвувањето на Годишната програма за работа на Владата на Северна Македонија, како и други акти и информации кои произлегуваат од активностите на организациските единици во Министерството.

Секторот за судски постапки и имотно правна заштита континуирано го застапува Министерството пред надлежните судовите во сите работни и имотно-правни спорови и иницира постапки пред Владата на Северна Македонија за пренесување на право на користење на движен и недвижен имот. Притоа, во делот на судските постапки во текот на 2018 година евидентирани се вкупно 2.362 тужбени барања против Министерството за внатрешни работи, од кои најголем дел се поврзани со остварувањето на надоместоците и заштита на правата од работен однос на вработените во МВР, а во текот на годината во име на Министерството за внатрешни работи поднесени се вкупно 50 тужбени барања по различни основи за надомест на штета.

Во рамките на Одделението за управување со човечки ресурси при овој Оддел, спроведена е постапка за засновање на работен однос на неопределено време за вкупно 779 лица кои се вработени во Министерството за внатрешни работи, а исто така изготвени се 69 договори за ангажирање на лица врз основа на Законот за работни односи. На ниво на Министерството на 223 работници им е прекинат договорот за вработување по сила на закон поради исполнување на условите за остварување право на пензија. Во делот на дисциплинската одговорност спроведени се 44 дисциплински постапки, при што само во еден случај е изречен отказ на договорот за вработување, додека во останатите случаи изречени се 25 парични казни; четири распоредувања на работно место во пониско ниво и три писмени предупредувања, а во седум случаи постапките биле запрени поради отфрлање на предлогот, додека четири постапки се ставени во прекин поради болест на работникот.



***Спроведена е постапка за засновање на работен однос на неопределоно време за вкупно 779 лица кои се вработени во Министерството.***

Во однос на пополнувањето на работните места на организациските единици кои се под директна надлежност на Министерот за внатрешни работи, спроведени се 21 интерен оглас, а исто така донесени се 107 решенија за распоредување, 410 решенија за користење на отсуство од работа, како и мноштво на други акти поврзани со остварувањето на правата од работен однос, донесувањето на актите за организација и систематизација на работните места, вклучувајќи ги и активностите за планирање и спроведување на стручното оспособување и усовршување на работниците во Министерството.

## *1.5 Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди*

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како внатрешен контролен механизам во Министерството, во 2018 година, постапувајќи по

информации и сознанија кои самостојно ги прибира и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани, барање од јавните обвинителства, невладини организации и други субјекти, работеше на документирање на пречекорувањата на законските овластувања на припадниците на министерството и расчистување на неправилностите во нивното работење.

Во 2018 година беше комплетирана законската рамка за воведување на ефикасна надворешна контрола врз работата на полицијата, со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања. Воспоставена е посебна единица кај Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола, што овозможува Народниот правобранител да поднесува иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност кај полициските службеници, а во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција формирано е специјализирано одделение кое е надлежно за кривично гонење за кривични дела извршени од страна на лицата со полициски овластувања. Во таа насока, Министерот за внатрешни работи во јули 2018 година го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за вршење на работите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

***Посебно внимание беше посветено на професионализација, департизација и деполитизација на вработените во Министерството и полицијата, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивнно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.***

На меѓународен план, Одделот ја интензивираше соработката со Директоратот за внатрешна контола на Република Бугарија, а започнати се активности за ваква соработка и со Република Косово.

Во насока на континуирано стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството, од страна на Одделот, тековно се одржуваат работилници на кои се презентира Програмата за јакнење на полицискиот интегритет.

Секторот годинава презеде мерки за испитување на **1.382** (1.200) случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба, што претставува пораст од 15,1% во однос на минатата година. Во 1.082 случаи, се работи за претставки од граѓани, кои во најголемиот број се однесуваат на забелешки за непрофесионално постапување на припадниците на Министерството, а останатите претставки се добиени од невладини организации, Народен правобранител, адвокати и други правни лица, како и по добиени известувања од организациски единици во Министерството, во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од нејзините припадници.

Во текот на 2018 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, изврши **32 контроли во 96 организациски единици на МВР.**

За утврдените неправилности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против **338** (355) полициски службеници изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.** За **174** (153) **лица** е изречена мерка-укажување, за 25 (18) вработени е изречена мерка покренување на постапка за надомест на штета-материјална одговорност, за 22 (48) вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 51 (28) се упатени на психолошко-психијатриски преглед, а од нив, од 37 (21) вработени е одземено службеното оружје.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележја на кривично дело, од страна на Одделот се поднесени **15** (14) **кривични пријави** против **19** (17) **вработени** во МВР за сторени **19** (15) кривични дела, од кои **осум** кривични дела **„злоупотреба на службената положба и овластување“, три кривични дела „малтретирање во вршење на службата“ и „фалсификување на службена исправа“ и по едно кривично дело „примање поткуп“, „спречување на докажување“, „тешка телесна повреда“, „противправно лишување од слобода“ и „несовесно работење во службата“.**
Покрај ова, во 2018 година, изготвени се и доставени **198** (204) **известувања** до Основните јавни обвинителства во Северна Македонија.

Одделот постапуваше по **64** (38) **поднесоци**, во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани **е употребена физичка сила.** По преземените мерки и испитување на случаите, утврдено е дека **се *основани* пет поднесоци**–за што во три случаи се поднесени кривични пријави за „малтретирање во вршење на службата“, против четворица полициски службеници. Во еден случај, поради несразмерно и неправилна употреба на средства за присилба, за двајца полициски службеници доставено е известување до ОЈО Скопје за натамошно постапување **и во еден случај поради употреба на физичка сила од страна на полициски службеник, врз лице кое не пружало активен или пасивен отпор,** исто така е доставено известување до ОЈО Скопје, додека *15* од ***поднесоците се неосновани.***

Во 2018 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на **65** (57) случени сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР кои управувале возила сопственост на МВР, за што до непосредните раководители каде се вработени изрече задолжителни мерки да бидат покренати **17** (15) постапки за утврдување на **материјална одговорност**.

### *1.6 Оддел за односи со јавност и стратешки прашања*

Во насока на имплементација на начелото за транспарентност и прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер, Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, континуирано преземаше мерки и активности за благовремено известување на граѓаните и пошироката јавност во доменот на полициските и внатрешни работи. Во интрес на регулирање на процесите за информирање и заштита на класифицираните информации, преземени се мерки и активности за имплементација на меѓународните стандарди од оваа област, при што извршена е сертификација на

надлежните организациски единици, кои партиципираат во Системот за менаџмент со квалитет, како и унапредување и надградба на системот за криптозаштита.

Брифингот со новинари и секојдневната телефонска комуникација беше еден од најчесто практикуваните начини за информирање и известување на новинарите во врска со секојдневните настани и статистичките податоци од полициската област, а во зависност од потребите и барањата на медиумите, континуирано се одржувани и прес конференции во врска со безбедносните настани и извршувањето на внатрешните работи. Притоа, во текот на 2018 година постапено е по **2.380** писмени барања од новинари и медиуми, додека на страницата на Министерството за внатрешни работи обработени се 2.548 информации, а истите во форма на соопштенија се пласирани на веб страницата. На сајтот на МВР објавени се и **365** дневни билтени со извадок на дел од дневните настани, додека на официјалниот YouTube канал од Министерството за внатрешни работи, објавени се 228 видеа поврзани со преземените активностите, вклучувајќи ги видеата за едукација на граѓаните. YouTube канал на МВР го следат преку 20.000 активни корисници, додека објавените видеа имаат околу 15.000.000 прегледи. Соопштенија, билтени, фотографии и видеа поврзани со работењето на Министерството за внатрешни работи, секојдневно се објавуваат и на официјалниот Фејсбук профил на МВР, а истиот го следат преку 26.000 корисници.

*во текот на 2018 година постапено е по 2.380 писмени барања од новинари и медиуми*

Комуникација со граѓаните се одвива и преку официјалниот контакт е-маил на МВР „kontakt@moi.gov.mk", преку кој во 2018 година беа пристигнати околу **1.100** електронски пораки од граѓани и институции, а истите благовремено се одговорени или доставени до надлежните служби.

Секторот за односи со јавност и протокол, континуирано го сервисира и делот од владиниот проект „Е-влада", на кој во 2018 година електронски беа испратени 53 барања за добивање државјанство, 48 информации, три предлози и 15 закони.

Секторот за односи со јавноста и протокол континуирано го реализира и проектот „Предложете сообраќајна контрола на веб-страницата на МВР". Во текот на 2018 година пристигнати се околу **50** барања од граѓани, кои веднаш се проследени до надлежните организациски единици, а исто така во соработка со секторите за превенција, реализирани се и десетина медиумски кампањи за превенција. Преку апликацијата „Црвено копче" која е наменета за пријавување на сознанија или информации за злоупотреба на деца, криминал од омраза, повикување на насилство, како и трговија со луѓе, пристигнати се околу **102** пријави.

Во текот на 2018 година преку локалните канцеларии за односи со јавност издадени се над 1.100 соопштенија и 380 изјави во врска со полициските активности, при што во континуитет се вршеше информирање на локалните медиуми и спроведување на превентивни кампањи и проекти.

Во 2018 година до Министерството поднесени и одговорени се 171 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои на 153 е одговорено позитивно, четири се препратени до други институции кои се надлежни за одговор, а само во пет случаи барањата се одбиени поради заштита на лични податоци или други класифицирани информации.

Преку Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет преземени се активности за донесување и следење на степенот на реализација на Стратешки план на МВР

за 2018-2020 година, кој е јавно објавен на веб страната на Министерството. Во рамките на овој сектор изготвен е Нацрт-стратешки план на МВР за 2019-2021 година, а исто така преземени се и активности за донесување на Упатството за постапување на организациските единици во Министерството при изготвување на Стратешки план на МВР и Упатството за начинот на следење и евалуација на проекти.

Единицата за управување со квалитет ги координираше активностите за транзиција на системот за менаџмент со квалитет кон новата верзија на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, а во таа насока беа преземени повеќе подготвителни активности, почнувајќи од обуки за вработените, дефинирање на работните процеси, формирање тимови за квалитет и изработка на нова документација. Во овие рамки донесена е новата **Политика за квалитет** на Министерството за внатрешни работи; изработен е Прирачник за квалитет за сите организациски единици кои се опфатени во системот за менаџмент со квалитет; во врска со транзицијата на системот, ревидирани се 52 процедури и изработени се осум нови работни процедури, а процесот на транзиција е заокружен во јули 2018 година преку спроведување **на интерни проверки** во соработка со консултантската куќа „ЕУРОМАК Контрол“.

Во 2018 година организациските единици кои се дел од Системот за управување со квалитет за прв пат дефинираа цели за квалитет кои се во насока на унапредување на работењето на Министерството, преку дефинирање на потребни ресурси, план за реализација на целите, управување со ризици, утврдување на мерливи индикатори, како и метод за следење на реализација на поставените цели.

***Во август 2018 година, на Министерството за внатрешни работи му е издаден сертификат за имлементиран систем за менаџмент со квалитет МКС EN ISO 9001:2015 во следниот опсег: „издавање на лични документи и акти за физички и правни лица во Северна Македонија, давање на логистичка, стручна поддршка, основна и континуирана обука во Министерството за внатрешни работи“.***

Во делот на заштита на класифицираните информации, а во согласност со законските и подзаконските прописи, како и препораките и директивите на НАТО/ЕУ преземени се мерки и активности за исполнување на обврските во делот на административна, физичка и персонална безбедност, при што вкупниот број на носители на национални безбедносни сертификати изнесува 8.786 припадници на МВР.

Во текот на годината извршено е унапредување на мерките и активностите за тајност и заштита на обработката на личните податоци, а во таа насокоа донесена е „Процедура за правото на пристап и исправка на личните податоци во МВР“, воспоставена е безбедна комуникација и криптирање на личните податоци кои МВР ги дава согласно законската обврска на Државната изборна комисија и други државни органи, како и унапредување на криптографските производи, тековно одржување, производство и дистрибуција на крипто клучеви за функционалните системи за криптозаштита и надградба на системот за криптозаштита на Центарот за управување со кризи.

## *1.7 Оддел за финансиски прашања*

Финансирањето на Министерството се вршеше од средствата обезбедени со Буџетот на Северна Македонија и сопствени приходи остварени по основ на продажба на пасоши, обрасци, регистерски таблици, фактурирани услуги и др. Извори на финансирање беа и реализираните приходи од самофинансирачки активности (објектите за исхрана, одмор и рекреација), како и дополнителни извори на средства од донации. Во текот на годината е извршена и изготвена предлог - буџетска пресметка на Министерството за 2019-2021 година.

Секторот за **буџетска координација и контрола**, согласно трезорското работење, подготви годишни и месечни планови на Буџетот за 2018 година кои претставуваат рамка за реализирање на одобрените средства од Буџетот и контролен механизам за наменско трошење. Согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси донесено е решение за внатрешна распределба на одобрениот буџет за 2018 година и истото еднаш е менувано по извршен ребаланс на буџетот и по извршени пренамени на средства согласно добиени одобренија од Министерството за финансии. Редовно беше спроведувана контрола на добиените барања за плаќања и за законска реализација на буџетските средства со плаќање на доспеаните обврски.

Во Секторот за сметководство попис и плати навремено беа реализирани активности во делот на евиденција на финансиски документи, излезни и влезни фактури, побарувања од коминтенти и вработени и друго. Пресметка и исплата на надоместоците на бруто платите за вработените се вршеше навремено, врз основа на месечни планови доставени до Министерството за финансии. Во делот на материјално сметководство се вршеше евиденција на материјални и нематеријални средства, оружје и опрема за вооружување, залиха на материјали, резервни делови и слично.

***Извршена е имплементација и развој на модулот за буџет и платен промет во рамките на новото софтверско решение за интегрирано материјално, финансиско, сметководствено и магацинско работење, а реализирана е финалната фаза на проектот М4 согласно Меморандум за деловна соработка со Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија.***

## *1.8 Оддел за општи и заеднички работи*

Организациските единици на Одделот за општи и заеднички работи ги извршуваа работите и работните задачи во рамките на своите надлежности и делокруг на работа потребни за секојдневно, тековно и непречено функционирање на Министерството во целина.

Во рамки на одобрениот Буџет за 2018 година, Планот за јавни набавки за 2018 година и итните и неопходните барања и потреби на организациските единици, спроведени се постапки  за јавни набавки на стоки, услуги и работи чија потреба е од тековна природа, а кои се однесуваат на разни видови потрошен материјал, резервни делови за возила, компјутерска и комуникациска опрема, канцелариска опрема и мебел, услуги за тековно одржување на опрема и инсталации, услуги за осигурување, услуги за ресертификација на организациони единици на Министерството согласно ИСО 9001:2015, набавка на енергенси, набавка на прехрамбени продукти, тековно одржување на објекти на Министерството во рамки на кој договор се реализира реновирање и подобрување на условите за работа во голем дела на полициски станици и други објекти на министерството, како и други видови набавки согласно планот за јавни набавки. Од сите спроведени постапки изготвени се и склучено околу 250 договори и анекси на истите.



Спроведени се повеќе постапки за набавки за потребите на униформираните полициски службеници, од кои извршена е и испорачана набавка на комплет униформа за припадниците на ЕСЗ, работна униформа за приправници-550, униформа за помлад полицаец - 1.200, зимски панталони и здолништа-7.000; ракавици-7.000 и дел од униформа за воздухопловниот персонал.




Одделението за контрола на квалитет во текот на 2018 година реализираше 522 квалитативни контроли на резервни делови за автомобили и потрошен материјал за автомобили, на стоки за исхрана, опрема за ОКТИВ, потрошен канцелариски материјал,  средства за хигиена, опрема за полиција – униформи и слично.

Одделот ги администрира и активностите поврзани со возниот парк, возила и механичарски работилници и превоз на лица и стоки, сервисирање на возила, регистрација на возила, евиденција на гориво, перење на возила. Во текот на 2018 година извршен е прием и регистрирање на нови 45 возила - шкода октавиа,  за потребите на гранична полиција, а во делот на поправки на возила на МВР и реализацијата на договорот за јавна набавка на пневматици, направена огромна заштеда.

Во текот на 2018 година беа извршени низа градежно-технички активности како изградба и реконструција на објекти, опремување со канцелариски мебел и секојдневно тековно одржување на објекти.

### *1.9 Оддел за прекршоци*

Во текот на 2018 година, Одделот за прекршоци преку своите комисии постапуваше по 48.461 барања за поведување на прекршочна постапка и притоа беа решени вкупно 51.822 предмети. Поголемиот број донесени одлуки, односно решенија се должи на фактот што во извештајниот период се решени и предмети од претходни години. Притоа, на прекршителите им е изречена прекршочна санкција – глоба во вкупен износ од 16,415 милиони евра.

***Од вкупниот број решени прекршочни предмети, најголем број се од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, додека останатите решени предмети се по Закон за возила, Закон за патни исправи и останати закони.***

### *1.10 Центар за обука*

Центарот за обука спроведуваше основни и континуирани обуки за потребите на работниците во организациските единици на Министерството, согласно стратешки документи за обуки, за управување со човечки ресурси и врз основа на претходно изготвени наставни програми и планови и тоа обука на приправници, основна обука за кандидат за полицаец, обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место и континуирана обука.

Согласно динамиката за реализација на планираното, оваа година Центарот за обука реализира повеќе обуки. Наставните програми за реализација на обуките беа изработени од страна на Центарот за обука во координација со организациските единици за чии работници се спроведува обуката и единиците надлежни за управување со човечки ресурси, а во извештајниот период беа ревидирани и изменети согласно настанатите законски измени 11 наставни програми со сите потребни задачи за учење и тестови за компетенции.

***Центарот за обука реализира 26 обуки, на кои присуствуваа 3.838 учесници.***



Од страна на редовните обучувачи во Центарот беа спроведени следниве обуки: основна обука за полицаец; обука за теренски оценувачи; обука за ментори; децентрализирани обуки за ментори; обука на обучувачи; обука за оперативно планирање на активности на полицијата на терен; обука за ракување со оружје; обука за избори; обука за родово сензитивно обезбедување на жртвите и обука за лично обезбедување на определени личности. Во рамките на редовното работење беа ревидирани сите задачи за учење за основна обука, а на интранетот за секоја задача беа снимени и ставени видео клипови, со што на слушателите им се овозможи покрај теоретски, совладувањето на материјата да го прават и со реални ситуации.



# II. СОСТОЈБИ СО ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛОТ, ЈАВНИОТ РЕД И МИР, СООБРАЌАЈОТ И ГРАНИЧНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 2.1.СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛ

Реформските процеси за јакнење на капацитетите на институцијата и интегритетот на полициските службеници, кои беа обележје на 2018 година, резултираа со постигнување на позитивни резултати и успешно справување со сите предизвици од доменот на внатрешната безбедност, за што говори и фактот дека во текот на целата година безбедносната состојба беше стабилна и без инциденти и нарушувања од поширок размер.

На подрачје на Северна Македонија во текот на 2018 година беа евидентирани 26.029 (24.583)[1], кривични дела, што претставува зголемување од 5,9% споредбено со претходната година, пред се како резултат на порастот на откриените кривични дела за недозволената трговија, како и порастот на откриените кривични дела од економскиот и организиран криминал.

Во рамки на откриените кривични дела беа поднесени кривични пријави против 17.298 сторители, а при расветлувањето на кривичните дела **постигната е ефикасност од 51%.** Од извршените согледувања споредбено со минатата година, ефикасноста бележи пораст од 5%. Од особена важност е фактот дека во 2018 година постои намалување од 20,7% на кривичните дела кои се извршени од деца.

Причинетата материјална штета од сторените дела се проценува на околу 3,5 милијарди денари.

Откривањето на делата од организираниот криминал резултираше со сузбивање на 16 организирани криминални групи.

*Министерството за внатрешни работи обезбеди сигурна и безбедна средина за граѓаните, оствари позитивни резултати во борбата против криминалот, безбедна државна граница, намалување на жртвите во сообраќајот.*
*Постигнатите резултати и ефикасноста во полициските истраги, резултираа со раст на довербата на полицијата.*




1 *Број на кривични дела за 2017 година*

Анализата на статистичките податоци, нивото на безбедносната состојба и преземените активности во борбата за сузбивање на криминалот во сите негови појавни облици, укажуваат на подобрување и прогрес во работењето на полицијата и извршувањето на функцијата на Министерството.

Најголем број кривични дела се откриени на подрачје на СВР Скопје-48%, по што следува СВР Битола-12%, СВР Тетово-8,7% и СВР Штип-8%.

| | КРИВИЧНИ ДЕЛА | | | СТОРИТЕЛИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | % | 2017 | 2018 | % |
| СВР СКОПЈЕ | 12.164 | 12.466 | 2,5 | 4.761 | 4.809 | 1 |
| СВР БИТОЛА | 3.258 | 3.034 | -6,9 | 2.513 | 2.359 | -6,1 |
| СВР ВЕЛЕС | 1.043 | 1.112 | 6,6 | 891 | 1.155 | 29,6 |
| СВР КУМАНОВО | 1.429 | 1.671 | 16,9 | 1.144 | 1.441 | 26 |
| СВР ОХРИД | 1.672 | 1.888 | 12,9 | 1.221 | 1.524 | 24,8 |
| СВР СТРУМИЦА | 1.218 | 1.410 | 15,8 | 1.142 | 1.637 | 43,3 |
| СВР ТЕТОВО | 1.668 | 2.263 | 35,7 | 1.242 | 2.322 | 87 |
| СВР ШТИП | 2.083 | 2.102 | 0,9 | 1.681 | 1.845 | 9,8 |
| ОСОСК | 48 | 83 | 72,9 | 157 | 206 | 31,2 |
| СЕ ВКУПНО | 24.583 | 26.029 | 5,9 | 14.752 | 17.298 | 17.3 |




Според видот на криминалот, најзастапени се кривичните дела од областа на класичниот криминал-91,5%, додека најголем успех е забележан кај откриените кривични дела од областа на организираниот криминал-52,5% и делата од недозволената трговија-41,7%.

## *2.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА*

Во делот на кривичните дела против државата, изминатата година беа откриени седум кривични дела, за кои кривично се пријавени 12 сторители, од кои три на подрачје на Секторот за внатрешни работи Битола, две на подрачје на на Секторот за внатрешни работи Тетово и по едно на подрачје на Секторите за внатрешни работи Велес и Охрид.

Извршени се четири кривични дела „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа" за што се пријавени осум сторители. Кривичните дела ги извршиле со поставување знаме пред објектот на отсекот за управни работи, со пишување графит на албански јазик на приватен објект, оштетување на поставена табла со натписот на албански јазик на државен орган, како и со скандирање со погрдни зборови и навредување на припадниците на албанската националност за време на манифестацијата по повод прослава на националниот празник „Илинден".

*Министерството за внатрешни работи постапуваше по безбедносни настани кои беа насочени кон загрозување и дестабилизација на државата, при што беа откриени седум кривични дела.*

Понатаму, откриено е и по едно кривично дело „неовластено влегување во воени објекти и правење скици или цртежи на воени објекти и борбени средства", „непрописен и невнимателен однос спрема доверено оружје" и „расна и друга дискриминација" извршени од државјанин на Р.Косово, кој неовластено снимал воен објект, потоа вработен во Армијата, кое за време на боево гаѓање неправилно ракувал со довереното оружје и муниција, како и со пишување на графити.

## 2.3 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА




Борбата против организираниот криминал и корупција претставува приоритет на државите кои се определени кон воспоставување на демократијата, владеење на правото и правна држава, а тоа се и заложбите на нашата држава и Министерството за внатрешни работи. Согласно номенклатурата за кривични дела кои се однесуваат на организираниот криминал, беа откриени 154 кривични дела, за што мерки на кривичен прогон се преземени против 249 лица, што претставува пораст на откривачката функција за 52,5%.

Во интерес на имплементација на европските стандарди и зајакнување на меѓуинституционалната соработка, во текот на 2018 година беа преземени повеќе активности заради операционализација на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, чија основна функција и цел е унапредување на размената на информации помеѓу вклучените институции кои се надлежни за сузбивање на сериозниот и организиран криминал. Во оваа насока, извршено е материјално-техничко и информатичко опремување на просториите во седиштето на МВР, каде што е сместен Националниот координативен центар, како и негово кадровско екипирање со извршители кои поседуваат аналитички вештини од Царинската Управа, Управата за Финансиска полиција, Управата за Финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и Основно Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Оваа година Центарот постапуваше по барања од различни институции, при што беа извршени проверки за физички и правни лица, а предмет на размената на информации и анализа беа податоци од различни области на криминал, како и податоци кои можат да се употребат за финансиски истраги поврзани со предметните кривични дела). Како резултат на координацијата на центарот помеѓу Царинската Управа и Министерството **пресечен е меѓународен канал** на криумчарење на животни со фалсификувана документација. Во делот на меѓународната полициска соработка, преку каналите на INTERPOL, EUROPOL, ILECUs и SELEC, извршени се проверки за македонски и странски државјани, како и за правни лица. Воедно, направени се контакти и работни средби со претставници на заинтересирани правни лица (Philip Morris, British American Tobacco) кои можат да дадат свој придонес во делот на нелегалното производство и криумчарење на цигари. За одбележување е остварената соработка помеѓу центарот и Заедничките Контакт Центри за прекугранична

> ***Заради остварување на функцијата во Центарот, преземени се активности за овозможување на on-line пристап до базите на податоци со кои располагаат институциите, додека соработката се остварува преку брза размена на информациите и координација на институциите при преземање на заедничките разузнавачки активности.***

соработка - „Деве Баир“ и „Блаце“, при што е овозможена брза размена на информации за потребите на Царинската Управа.

### *2.3.1 Организирани криминални групи*

Во областа на **организираниот криминал**, фокусот на полициското работење беше насочен кон превенција, спречување и борба со сите облици на организиран криминал и корупција, согласно највисоките стандарди за полициско работење. Неселективната борба се спроведуваше преку водење на криминалистички истражувања за сузбивање на организираните криминални групи, што резултираше со сузбивање на **16 организирани криминални групи кои бележат пораст од 33%, а како нејзини членови дејствувале 101 лице.**

#### *Недозволена трговија со дрога*

Кај организираните криминални групи доминираат групите инволвирани во недозволена трговија со дрога–девет со 49 членови, од кои шест групи делуваа на национално ниво, додека три на меѓународно ниво. Криминалните групи во најголем број беа инволвирани во недозволена трговија со марихуана**.** Во рамките на овие случаи спречени се шест меѓународни транспорти, а запленети се **683,4 килограми дрога и облека потопена со кокаин.**



За одбележување е сузбивањето на трichлена меѓународна криминална група инволвирана во набавка и транспорт на течен кокаин (во потопена облека) со потекло од Перу, кој заради натамошна продажба со авион е транспортиран до Северна Македонија, со намера преку Косово да биде транспортиран до Црна Гора.

#### Клучни наоди

- пораст во сузбивање на криминалните групи за 33%;
- најмногу се сузбиени во областа на недозволена трговија со дрога-девет;



Потопена облека со кокаин

#### *Криумчарење на мигранти*

Сузбиени се три организирани криминални групи, од кои една деветчлена група, како дел од поширока меѓународна криминална мрежа, составена од криминални соработници од Албанија, Бугарија, Шпанија, Доминиканска Република, Хондурас, Гватемала и Мексико. Групата организирала криумчарење на повеќе групи на мигранти со потекло од Албанија и Северна Македонија, кои со фалсификувани патни исправи заминувале во САД и Канада. Организираната криминална група само во периодот од април 2017 година до



март 2018 година, успеале да прокриумчарат околу 50-тина лица мигранти кон САД, со што се стекнале со значителна противправна имотна корист во износ од околу милион долари.



### *Културно наследство*

Сузбиена е петнаесетчлена група инволвирана во вршење на кривични дела против **културното наследство и природните реткости**, чии членови поседувале и нуделе на продажба археолошки предмети кои претставуваат добро под привремена заштита или културно наследство на Северна Македонија.

Организаторите и членовите нуделе на продажба монети, скапоцени и полускапоцени камења илегално ископани на археолошки локалитети во Струмица и Велес.



### *Организиран економски криминал*

Сузбиена е криминална група составена од 12 членови, која на организиран начин пушти во оптек вкупно 696 фалсификувани банкноти-долари, во апоени од по 50 УСД, во експозитура на Силкроуд Банка АД Скопје во Кавадарци.

Фалсификуваните банкноти беа пуштени во оптек со директно инволвирање на лица вработени во банката, со тоа што лицата ги примиле фалсификуваните банкноти и ги замениле во денари на шалтерите во банката, а на членовите на групата им овозможиле да се стекнат со противправна имотна корист 1,7 милиони денари.




### *Насилен и сериозен криминал*

Од областа на насилниот и сериозен криминал беа **сузбиени две групи со 11 члена**, од кои едната осумчлена група, кои со употреба на закани по животот, телото и имотот на наводни должници, на насилен начин прибавувале значителна имотна корист, а со опожарување на возила и објекти, предизвикувале штета по имотот на граѓаните. Втората група сочинета од тројца членови кои преку упатени сериозни закани на насилен начин и со употреба на огнено оружје врз вработени во експозитура на „Шпаркасе“ банка во Скопје противправно присвоиле осум илјади евра и околу 491 милион денари.

## *2.3.2 Корупција*

Корупцијата претставува сериозна закана на општественаот напредок, којашто ги загрозува демократските достигнувања и економскиот развој, па оттука и нејзино приоретизирање од страна на Министерството за внатрешни работи. Според Индексот за перцепција на корупција на Транспаренси интернешнл за 2018 година, Северна Македонија е

рангирана на 93 место, **што укажува на подобрување на состојбата во перцепцијата на корупцијата** споредбено со 2017 година кога државата била рангирана на 107 место.

## *Класична корупција*

Во 2018 година во делот на класичната корупција откриени се 11 кривични дела за кои се пријавени 13 сторители, што споредбено со претходната година претставува зголемување на откривачката дејност за 33 %. Помеѓу откриените кривични дела доминира кривичното дело “примање поткуп” извршени од страна на вработени во јавната и државната администрација.




### Клучни наоди

- **зголемување на откривачка дејност за 33%;**
- **доминантно е кривичното дело „примање поткуп“- со 63,6% застапеност;**




Во структурата на делата од областа на класичната корупција откриени се седум кривични дела **„примање поткуп”**, едно дело **“помагање”** во врска со **“примање поткуп“**, две дела **“оддавање службена тајна“** и едно дело **„примање награда за противзаконито влијание“.**

Во случаите на „примање поткуп“ пријавените побарале парични средства за здравствени услуги, за одбегнување на инспекциски контроли, отфрлање на прекршочна пријава; не преземње на законски дејствија; внесување на мобилен телефон во казнено поправна установа и изготвување на финансиско вештачење. За делото “оддавање службена тајна“ пријавените кривичните дела ги извршиле со испраќање на службени документи на адвокат и со јавно објавување на фотографија направена во службена просторија, додека за “примање награда за противзаконито влијание“ пријавен е вработен во општина, кој побарал парични средства за да влијае во постапка за легализација на бесправно изграден објект.




## *Коруптивни злоупотреби*

За целосно согледување на состојбата со корупцијата, покрај кривичните дела од областа на класичната корупција, неопходно е да се анализира и бројот на откриени кривични дела на “злоупотреба на службената положба” со коруптивни елементи.

Во анализираниот период откриени се 135 кривични дела на

"злоупотреби на службената положба" со коруптивни елементи во коишто се пријавени 266 сторители, што споредено со минатата година, претставува зголемување на откривачката дејност за 154%. Покрај зголемувањето на откривачката функција, карактеристично е што во споредба со минатата година, материјалната штета предизвикана со извршување на ова кривично дело изнесува 487,2 милиони денари, односно истата е зголемена за 930 %.




Помеѓу сторителите на ова кривично дело се наоѓаат поранешен министер за внатрешни работи, поранешен заменик министер за економија, генерален секретар на Владата, 25 поранешни градоналници на општини, потоа директор на МРТ, 26 директори на јавни претпријатија, шест директори на основни училишта, двајца директори на здравствени домови, директор на агенција за филм, директор на агенција за катастар на недвижности, девет вработени во МВР, како и вработени во министерствата, општините и јавните претпријатија.




Сторителите со повреда на постапките за јавни набавки, повреда на постапките за издавање на одобренија за изградба на објекти, легализација на бесправно изградени објекти и приватизација на државно земјиште, изготвување на договори за вработување, склучување на штетни договори за користење на објекти во сопственост на општините, со овозможување на незаконско полагање на испити на факултетите и незаконско издавање на дипломи, со пропуштање и несоодветно спроведување на процедурите и постапките во рамките на нивните надлежности, се стекнале или овозможиле на други лица да се стекнат со значителна материјална корист на штета на Буџетот на Северна Македонија.

## 2.3.3 Перење пари и фалсификување пари

### Перење пари

Откриените кривични дела **„перење пари и други приноси од казниво дело"** бележат тренд на зголемување за 233% компаративно со изминатата година. Откриени се 20 (шест) кривични дела, за што пријавени се 23 (17) сторители, со што е причинета материјална штета од 1,1 милион денари.



**Клучни наоди**

- **тренд на зголемување за 233% на кривичните дела „перење пари";**
- **опаѓачки тренд на делата „фалсификување пари";**




Од откриените случаи, едно дело е сторено со предизвикување

намерен стечај и купопродажба на движен имот за несразмерно ниска вредност, а 19 се однесуваат на противзаконито постапување при регистрација на моторни возила со злоупотреба на потврдите за лица кои се повратници од странство издадени од управите служби при Министерството.




Во рамки на поднесените кривични пријави се опфатени повеќе сторители, кои ги извршиле и кривичните дела „фалсификување исправа“, „употреба на исправа со невистинита содржина“, и „измама при добивање кредит или друга погодност“.

## *Фалсификување пари*

Последните неколку години е забележан опаѓачки тренд кај кривичните дела фалсификување пари, а оваа година се извршени 34 кривични дела. Мерки на кривичен прогон се преземени против 29 сторители кои пуштиле во оптек вкупно 756 фалсификувани банкноти. Во рамки на откриените случаи сузбиена е 12 члена организирана криманална група.




Најголем број од кривичните дела се извршени на подрачјето на СВР Штип-девет и СВР Тетово-осум, каде се извршени 1/2 од кривичните дела, а фалсификуваните банкноти најчесто се пуштени во оптек во продавници и банки.



Според откриените кривични дела, најчесто фалсификувана банкнота е еврото во апоени од 50 и 100, при што оваа година во 19 случаи откриени се 27 банкноти. После следуваат фалсификуваните македонски денари, кои последните две години бележат опаѓачки тренд, а оваа година откриени се девет случаи со фалсификувани 29 банкноти. Во два случаи пуштени се во оптек фалсификувани долари, при што во еден случај е сузбиена 12 члена организирана криминална група, која пушти во оптек 696 фалсификувани долари во апоени од по 50, во вкупен износ од 34,8 илјади американски долари, во експозитура на Силкроад Банка АД Скопје во Кавадарци, со помагање и директно инволвирање на лица вработени во банката.



## *2.3.4 Трговија со луѓе и криумчарење мигранти*

Нашата држава презема значителни напори за целосно исполнување на минималните стандарди за сузбивање на трговијата со луѓе. Споредено со 2017 година, вложени се поголеми напори за исполнување на оваа цел, преку обука за идентификација на жртви, наменета за стручните служби во прва линија, како и преку зајакнување на соработката со локалните власти за дефинирање на локални акциски планови за борба против трговијата со луѓе. Формирана е работна група за борба против трговијата со луѓе, реактивирајќи ги петте мобилни тимови за идентификација во четири региони, а испраќани се и социјални работници одговорни за спроведување на проактивна идентификација на жртвите на граничните премини и во камповите за мигранти и бегалци. Од тие причини согласно Извештајот за трговија со луѓе на Американската Амбасада, нашата држава во борбата против овој вид на криминал ја задржа својата позиција во рамки на второто ниво.

### *Трговија со луѓе*

Територијата на Северна Македонија е извор-транзитно подрачје и крајна дестинација за мажи, жени и деца-жртви на трговија со луѓе, за цели на сексуална експлоатација и принудна работа.

Во текот на 2018 година, не се регистрирани кривични дела „трговија со луѓе“, исто како и минатата година.




Зголемување бележи откривачката функција на кривичните дела „трговија со дете“. Оваа година откриени се 10 кривични дела за разлика од лани кога е откриено едно кривично дело. Мерки на кривичен прогон се преземени против 16 лица, од кои еден е државјанин на Р.Албанија.

Жртви на овие дела се пет малолетни женски лица врз кои со физичко и психичко насилство биле принудувани да вршат сексуална и трудова експлоатација, а дел од нив биле принудувани и на присилни бракови.

| | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 5 | 1 | 10 |
| СТОРИТЕЛИ | 7 | 1 | 16 |
| ЖРТВИ | 2 | 1 | 5 |

### Клучни наоди

- не се откриени кривични дела „трговија со луѓе“
- зголемување бележат делата „трговија со дете“
- жртви на кривичните дела се пет малолетни лица
- формирани се пет мобилни тимови за сузбивање на овој криминал



## *Криумчарење на мигранти*



Еден од приоритетите по кои постапува полицијата е детектирање и сузбивање на организираните криминални групи инволвирани во криумчарење на мигранти. Оваа година отпочна со работа Националната единица за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе со цел поефикасно справување со овој вид на криминал.

Во таа насока, **откриените случаи на криумчарење мигранти се зголемени за 200%.** Откриени се 58 случаи при обид да бидат прокриумчарени 891 мигранти, за разлика од минатата година кога во 19 случаи беше спречен обид да се прокриумчарат 212 мигранти.Мерки на кривичен прогон се преземени против 62 лица за сторени 44 кривични дела, од нив 85,5% се македонски државјани, а останатите се пет бугарски, тројца авганистански и еден пакистански државјанин.

| | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 80 | 13 | 44 |
| СТОРИТЕЛИ | 123 | 36 | 62 |
| СЛУЧАИ | 107 | 19 | 58 |
| МИГРАНТИ | 1961 | 212 | 891 |

За одбележување е и детектирањето и сузбивањето на **три организирани криминални групи**. Првата е **четиричлена организирана криминална група,** која криумчарела мигранти преку т.н. “зелен појас“од Р.Грција во Северна Македонија, а при нивниот транспорт, поради голема брзина, возилото излетало од патот, при што на лице место починале двајца мигранти, додека 12 биле тешко повредени.

Втората група е составена од двајца македонски државјани и едно непознато лице од Грција, кои прифаќале мигранти од Грција и ги превезувале до Кумановско-липковскиот регион, а потоа кон Р Србија, а при сузбивање на истата спречен е обид да бидат прокриумчарени 18 мигранти од Авганистан.

Последната е деветчлена група, која како дел од меѓународна организирана криминална мрежа, организирала криумчарење

## Клучни наоди

- **Откриените случаи на криумчарење мигранти се зголемени за 200%;**
- **Кривично пријавени се 62 лица за извршени 44 кривични дела;**
- **Спречен е обид да се прокриумчарат 891 мигрант;**
- **Сузбиени се три организирани криминални групи, за што кривично се пријавени 15 лица;**
- **Главна рута која се користи за криумчарење е Коридорот 10: Гевгелија-Демир Капија-Велес-Скопје;**
- **нов модус на криумчарење на граничен премин со криење во товарни возила и автобуси**






на повеќе групи на мигранти од Албанија и Северна Македонија кои неможеле да добијат виза за патување кон САД и Канада по регуларен пат, стекнувајќи се со противправна имотна корист од околу еден милион американски долари.




За ваквите криминални активности, против 15 лица поднесени се кривични пријави за сторени **шест кривични дела „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“.**

Според структурата, 62,7% од криумчарените мигранти се по **потекло од Пакистан**, 13,2% од Авганистан, 5,7% од Ирак, 5,5% од Бангладеш, 3,6% од Иран, 3,1% од Сирија итн.




Главна рута низ државата која се користи при криумчарење на мигрантите и понатаму останува да биде **Гевгелиско-демиркапискиот регион** (селата Прдејци, Миравци, Богородица и Милетково, како и во близина на тунелите кај Демир Капија и исклучокот за Неготино). Изминатиот период почесто користен е и **Кумановско-липковскиот регион** (селата Речица, Ваксинце, Романовце, Матејче), **како и Штипскиот регион** (автопатот во изградба Штип-Скопје и регионалниот пат Радовиш-Штип, каде при случена сообраќајна незгода загинале двајца мигранти од Бангладеш кои се превезувале со товарно возило заедно со уште 21 мигрант). **Нов модус што се користи** за криумчарење на мигрантите е со преминување **на граничен премин сокриени во возило и автобус**, но и со криење во товарни возови што доаѓаат од Р Грција, што отстапува од вообичаениот модус операнди на криумчарење кој е карактеристичен во последните три години.



## *Злоупотреба на безвизен режим*

Во делот на спречување на **злоупотреба на безвизниот режим,** откриените случаи бележат намалување за 83,3% во споредба со минатата година.

Регистриран е еден случај, а лани шест случаи, за што кривично е пријавен 54 годишен македонски државјанин од машки пол за сторено **кривично дело „злоупотреба на безвизен режим со државите членки на Европската унија и на Шенгенскиот договор“.**

### Клучни наоди

- **кривичните дела се намаленни за 83,3% во споредба со лани;**
- **откриен е еден случај, а кривично е пријавено едно лице.**



## 2.4.ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Динамичноста и комплексноста на економскиот криминал условија преземање на планирани и координирани мерки и активности од страна на Министерството за внатрешни работи, во насока на прибирање информации, податоци и проверки на финансиско работење на правни субјекти, банкарски системи, едниниците на локалната самоуправа, јавни претпријатија и други институции.

### 2.4.1.Кривични дела од областа на економскиот криминал

Во текот на 2018 година во областа на економскиот криминал откриени се 1.079 кривични дела за кои се пријавени 1.506 сторители, што споредбено со претходната година претставува зголемување на откривачката дејност за 27 %.




Клучни наоди

- зголемување на откривачката функција за 27%;
- намалување на предизвиканата материјална штета за 30%;
- најзастапени кривични дела се злоупотреба на службена положба и бесправно градење




Со извршување на овие дела, на Буџетот на Северна Македонија, акционерските друштва, друштвата со ограничена одговорност и други субјекти, нанесена е материјална штета од околу 1,9 милијарди денари, што претставува намалување на предизвиканата материјална штета за 30 %.

Помеѓу кривичните дела од областа на економскиот криминал најзастапени се: „злоупотреба на службената положба и овластување"-274, „несовесно работење во службата"-108, „бесправно градење" – 117, „измама при добивање кредит или друга погодност" – 66 и „даночно затајување" – 30.

### 2.4.2.Злоупотреба на службената положба и овластување

Во 2018 година, според застапеноста и обемот на предизвиканата материјална штета, помеѓу кривичите дела од областа на економскиот криминалитет најзастапено е кривичното дело "злоупотреба на службената положба", при што се откриени 274 кривични дела, или 25 % од вкупниот број на откриени кривични дела од областа на економскиот криминал, извршени од 454 сторители, кои предизвикале штета на Буџетот на државата, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност во износ од 1,4 милијарди денари.

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **КРИВИЧНИ ДЕЛА** | 274 | 195 |
| **СТОРИТЕЛИ** | 454 | 341 |
| **МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА** | 1,4 милјардиден. | 1,9 милијарди ден. |




Сторителите на ова кривично дело со непостапување, склучување на штетни и незаконити договори без распишување на постапки за јавни набавки и одлуки од страна на управни одбори, непочитување на законските рокови, неследење на реализација на договори, незаконити легализации на бесправно изградени објекти на државно земјиште, склучување на штетни договори за користење на објекти во сопственост на општините и овозможување на бесправна сеча се стекнале или овозможиле други физички и правни лица да се стекнат со значителна противправна имотна корист на штета на Буџетот на Северна Македонија, акционерски и друштва со ограничена одговорност и други субјекти.




Помеѓу сторителите на ова кривично дело, најзастапени се 27 управители на приватни претпријатија, 26 поранешни директори во јавни претпријатија, 25 поранешни градоначалници, 14 поранешни директори на основни и средни училишта, 10 раководители, девет вработени во МВР, седум одговорни лица во приватни претпријатија и др., што јасно укажува на блиската корелација на ова кривично дело со корупцијата.

## *2.4.3 Несовесно работење во службата*

При претставувањето на состојбите во економскиот криминал во 2018 година, потребно е да се прикаже и бројот на 108 откриени кривични дела „несовесно работење во службата", за што се пријавени 224 сторители, кое според начинот на извршување, профилот на сторителите и обемот на предизвиканата материјална штета, е во блиска корелација со кривичното дело "злоупотреба на службената положба", односно корупцијата.




Помеѓу сторителите на ова кривично дело се наоѓаат директори на јавни претпријатија, директори на училишта, одговорни лица и вработени во општините, кои со намерно пропуштање и несоодветно спроведување на процедурите и постапките, во рамките на нивните надлежности овозможиле правни и физички лица да се стекнат со противправна имотна корист од околу 105,1 милиони денари на штета на Буџетот на Северна Македонија.

## 2.4.4.Компјутерски криминал

Брзиот развој на информатичката технологија и нејзината се поголема софистицираност, се повеќе ја усложнува и отежнува борбата против криминалните активности од областа на компјутерскиот криминал. Во оваа област, во текот на годината се откриени 105 кривични дела извршени од 73 сторители, што споредено со претходната година претставува зголемување на откривачката функција за 29,6%. Карактеристично е што со извршување на овие дела, на физичките и правни лица им била нанесена материјална штета од 11,2 милиони денари, што во споредба со претходната година кога предизвиканата материјална штета изнесувала 611,8 милиони денари, претставува значително намалување.



| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **КРИВИЧНИ ДЕЛА** | 105 | 81 |
| **СТОРИТЕЛИ** | 73 | 72 |
| **МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА** | 11,2 милиони ден. | 611,8 милиони ден. |




Најзастапени кривични дела се "оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“-53 и „компјутерска измама“-14, со кои била предизвикана материјална штета којашто опфаќа 96% од вкупно нанесената материјална штета. Делата се извршувани со користење на претходно украдени платежни картички за подигање на парични средства од банкомати, како и нелегални трансакции со фалсификувани платежни картички при купување на интернет и плаќање на сметки преку интернет (e-commerce) и со неовластено навлегување во компјутерски системи со промена на содржината на веб страниците на правни лица. И понатаму е присутен трендот на нелегално преземање и посредување во деловната комуникација преку електронска пошта помеѓу македонски и странски компании, при што е вршено пренасочување на банкарските трансакции. При тоа, ваквите активности во најголем број на случаи се усмерени кон малите и средните претпријатија. Карактеристично за ова област на криминал во 2018 година, е рефлексијата на актуелните политички настани и злоупотреба на комуникацијата преку социјалните мрежи, што резултираше со 21 кривично дело “загрозување на сигурноста” преку информатички систем и пет кривични дела “ширење на расистички и кеснофобичен материјал по пат на компјутерски систем”. Зголемена е и појавата на користење на социјалните мрежи за објавување на слики од пратеници и владини функционери, во прилог на кои се наведувани закани по животот на истите.





## 2.5. КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ

Класичниот криминал по обем претставува најголем дел од вкупниот криминал во државата, односно процентуално гледано, 91,5% од извршените кривични дела припаѓаат на овој вид криминал. Јадрото на овој криминал го сочинуваат кривичните дела против имотот, што претставуваат 73% од класичниот криминал, односно тешките кражби и кражбите, што сторителите ги вршеле заради стекнување имотна корист.

Оваа година се извршени 23.812 (22.936) кривични дела во областа на класичниот криминал, што претставува зголемување од 3,8%, во однос на 2017 година. Од нив, расветлени се 11.189 дела, со што е постигната ефикасност од 47%, а за расветлените дела се пријавени вкупно 14.460 сторители.




Поради карактерот на деликтите со елементи на насилство, Министерството беше максимално посветено и во расветлување на убиствата, грабнувањата, противправното лишување од слобода, изнудите и сексуалните деликти. Превентивните мерки на Министерството резултираа со намалување од 20,7% на кривичните дела извршени од деца, односно беа извршени 835 (1053) кривични дела сторени од 1.239 (1584) деца, кои најчесто беа инволвирање во вршење на кривични дела од имотниот криминал-789 дела. И покрај постигнатиот позитивен резултат во намалување на кривичните дела извршени од деца, сепак загрижувачки е фактот што децата се јавуваат како сторители на две убиства во обид, 10 тешки телесни повреди и 31 разбојништво.

### *2.5.1 Кривични дела против животот и телото*

Кривичните дела „убиство“ бележат значително намалување од 37%, во однос на минатата година, односно извршени се 17 (27) убиства, во кои од живот се лишени 19 лица.

Најголем број од убиствата се извршени со употреба на огнено оружје–девет, седум убиства се извршени со ладно оружје, а едно е на свиреп и подмолен начин.

Од вкупниот број на убиства, во по еден случај се работи за тројно и двојно убиство.

Засилените активности што ги преземаше полицијата придонесоа за откривање на сторителите на 16 убиства, со што е постигната висока ефикасност од 94%, при што мерки на кривичен прогон се преземени против 31 лице. Оваа година само едно убиство е нерасветлено, случено во Скопје, каде со автоматска пушка лишени од живот се две лица.

По подрачја, намалување на убиствата за над 40% е забележано на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје и Битола, додека на подрачје на СВР Штип, истите се зголемени за 100% во споредба со 2017 година.

**Клучни наоди**

- **намалување за 37% на убиствата;**
- **53% од убиствата се извршени со огнено оружје;**
- **најмногу убиства има на подрачје на Скопје-35,3%.**



| | 2017 | 2018 | +/- |
|---|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 11 | 6 | -45,5% |
| СВР БИТОЛА | 5 | 3 | -40% |
| СВР ВЕЛЕС | 2 | 0 | - |
| СВР КУМАНОВО | 1 | 1 | - |
| СВР ОХРИД | 3 | 3 | - |
| СВР СТРУМИЦА | 1 | 0 | - |
| СВР ТЕТОВО | 3 | 2 | -33,3% |
| СВР ШТИП | 1 | 2 | 100% |




Жртви на овие кривични дела биле 19 лица, од кои 10 лица од машки и девет од женски пол. Седум убиства се извршени во рамките на семејството, од кои во два случаи по извршување на убиството, сторителот се  самоубил, а меѓу жртвите е и дете на возраст од 14 години.




## 2.5.2 *Кривични дела против имотот*

Класичниот криминал во најголем дел го сочинуваат делата против имотот - 73%, односно, извршени се 17.416 (17.629) кривични дела што е на исто рамниште во однос на претходната година, а постигнатата ефикасност изнесува 30%.




### Клучни наоди

- **извршени се 17.416 кривични дела од областа на имотниот криминал;**
- **намалување за 4% на тешките кражби;**

Оваа година извршени се 10.788 (11.229) **тешки кражби**, кои се во намалување за околу 4% во споредба со минатата година, а при расветлување на овие дела постигната е ефикасност од 22,4%. Материјалната штета причинета со извршување на тешките кражби изнесува 965,8 (694,7) милиони денари.




Тешките кражби најчесто се извршени во станови и викендици- 2.301 (2.608), од каде  е одземен златен накит, пари и техничка стока, во моторни возила 1.692 (1.878), од каде се одземени ташни со пари, документи и делови од возила.



За одбележување се преземените мерки на кривичен прогон против лице од Кавадарци за извршени 137 кривични дела од имотниот криминал, *како и* расветлените 19 кривични дела „тешки кражби“ од граѓански сефови во две банки во Скопје, извршени од меѓународна организирана криминална група

составена од пет државјани на Украина и двајца државјани на САД, кои се стекнале со противправна имотна корист во износ од околу 105,6 милиони денари.

## Разбојништва

**извршени се 383 разбојништва;**

**70% се на подрачје на Скопје;**

**сузбиена е трочлена организирана криминална група.**

### *Разбојништва*




Во рамки на имотните деликти значајни дела се и **разбојништвата,** кои според начинот и употребата на насилство при нивното извршување се едни од најтешките дела во оваа област. Оваа година бројот на разбојништвата бележи намалување од 8%, односно извршени се 383 (417) разбојништва.



Најголем дел од разбојништва се извршени на подрачје на Скопје-267, додека на останатите подрачја нивниот број е далеку помал. Мерки на кривичен прогон се преземени против 239 сторители, во рамките на кои е сузбиена и организирана криминална група, која на подрачје на Скопје извршила разбојништво во банка. При расветлувањето на овие кривични дела постигната е ефикасност од 33,2%.

Главниот дел на разбојништвата го сочинуваат разбојништвата извршени на отворен простор-128, каде сторителите самостојно или во група од две или три лица, ги пресретнувале жртвите и со употреба на физичка сила или вербална закана, од нив одзеле пари, мобилни телефони и слично. Потоа, следат разбојништва извршени во маркети – 52, каде од вработените се одземани пари од дневниот промет. Во аптеки се извршени 42 разбојништва, во станбени објекти-34, а 27 разбојништва се извршени на бензински пумпи.




Најголем дел од разбојништвата се извршени со закана со огнено оружје-40%, во 28% е употребена физичка сила, во 19,5 % од случаите сторителите како средство за закана употребиле ладно оружје, а во останатите случаи се употребени безбол палки, шипки и други предмети. При извршувањето на разбојништвата повредени биле 39 лица, од кои на девет лица им биле нанесени тешки телесни повреди.

## 2.5.3 *Кривични дела против половата слобода и морал*




Кривичните дела од областа на половата слобода и половиот морал во последните пет години бележат континуирано намалување, а во 2018 година извршени се 91 (102) кривично дело. Загрижува фактот што и оваа година најбројни се кривичните дела ***„полов напад над дете “–32,*** за кои кривично се пријавени 32 сторители. Натаму, според бројноста следат кривичните дела **„силување“-31,** 18 дела се „задоволување на полови страсти пред друг“ за кое се пријавени 14 сторители, додека останатите кривични дела се застапени во многу помал број.

При расветлувањето на овој вид деликти полицијата постигна висока евикасност од 89%, а за извршените дела кривично се пријавени 90 сторители.




кривично дело „силување“

## 2.5.4 *Семејно насилство*

Во текот на годината беа евидентирани 1.006 (903)кривични дела од областа на семејното насилство, односно бележиме пораст од 11,4% кој се должи пред се на зголемување на бројот на делата „телесна повреда“, а со висок процент се застапени и делата „загрозување на сигурноста“.

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| телесна повреда | 538 | 644 |
| загрозување на сигурноста | 333 | 325 |
| тешка телесна повреда | 16 | 23 |
| убиство во обид | 4 | 2 |
| убиство | 2 | 7 |
| присилба | 6 | 2 |
| противправно лишување од слобода | 4 | 3 |

Во рамки на семејното насилство во полициските станици се примени 2.750 поплаки, а регистрирани се 325 прекршоци.

Жртви на семејно насилство во најголем број се сопругите-398, потоа родителите и децата, сторителите најчесто се сопрузи кои делата ги вршеле како резултат на растројство или под дејство на алкохол, а најголем број или 84% од делата се извршени со употреба на физичка сила.

### Клучни наоди

- **зголемување од 11,4 % на кривичните дела од областа на семејното насилство;**
- **зголемување од 19,7 % на кривичните дела телесна повреда;**
- **36,8 % од жртвите на семејно насилство се сопругите.**



## *2.5.5 Останати кривични дела од класичен криминал и други безбедносни појави*

Кривичните дела против слободите и правата на граѓаните, во 2018 година бележат зголемување од 11,9%, односно откриени се 601 (537) кривични дела, од кои 60 останаа нерасветлени. Најзастапено е кривичното дело „загрозување на сигурноста“ – 477 (450), од кои 70% се извршени во рамките на семејното насилство, а најчесто се вршеле со сериозни закани и употреба на физичка сила.

Извршени се седум кривични дела грабнување што е на исто рамниште како и претходната година. Намалување од 10 % бележат кривичните дела „противправно лишување од слобода“- 18 (20). Мотивот за извршување на овие кривични дела најчесто се нерасчистени должничко-доверителски односи и лишување од слобода и грабнување на девојки поради прекинати љубовни врски или присилување на жртвата да стапи во брачна заедница со сторителот.

Во 2018 година евидентирани се 29 (12) кривични дела „изнуда“ и 34 (18) кривични дела „уцена“ кои во однос на претходната година бележат зголемување.

### Клучни наоди

- ▲ **зголемување од 11,9% на кривичните дела против правата и слободите на граѓаните,**
- ▲ **најзастапено е кривичното дело „загрозување на сигурноста“ со 79,4%.**




## *2.5.6 Пожари*

Министерството како и секоја година така и во 2018 година, преземаше мерки и активности за превенција и заштита од пожари на шумите, пасиштата и други отворени простори. Бројот на пожарите во текот на годината е намален за 36 %, односно оваа година се случени 928 (1.447), во кои 16 лица загинале, а седум лица се здобиле со телесни повреди.

Во текот на годината континуирано се спроведуваа и повеќе проекти како „ Лето без пожари” , „Превенција за заштита од пожари“, „Бизнис и Безбедност“ и други, кои имаа за цел подигање на свеста кај граѓаните за заштита од пожари и зачувување на зелените шумски површини. Воедно, при преземањето на мерките и активностите, сите сектори за внатрешни работи активно соработуваат со Територијалните противпожарни единици на нивното подрачје, со претставници на ЈП „Македонски шуми“, Дирекцијата за заштита и спасување и др.

### Клучни наоди

- ▼ намалување за 36% на пожарите;
- ▲ 16 лица го загубиле животот, а седум се повредени



## *2.5.7 Кривични дела од омраза*

Оваа година значајно зголемување бележат кривичните дела извршени од омраза, односно извршени се 33 кривични дела, за што биле пријавени 50 сторители.

| | кривични дела од омраза |
|---|---|
| 2018 | 33 |
| 2017 | 6 |

Најголем дел од делата се „загрозување на сигурноста“ по пат на информатички систем-21 дело, потоа „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“- пет дела, „предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“-четири дела и по едно кривично дело „повреда на рамноправноста“, „расна и друга дискриминација“ и „насилство“.

Најголем број од кривичните дела -27 или 81,8% се извршени преку информатички систем, со упатување **на закани по животот и телото** на оштетените лица, а во одредени случаи и нивните семејства, при што како жртви се јавуваат носители на функции (премиер, министер, поголем број на пратеници, градоначалник), како и полициски службеници, новинар, претседател на ЛГБТ заедница и други.

### Клучни наоди

- зголемување на кривичните дела од омраза;
- загрозување на сигурноста по пат на информатички систем е најзастапено дело-63,6%.




## *2.6 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА*

Министерството за внатрешни работи, посвети исклучително внимание на борбата против недозволената трговија со дрога која е еден од стратешките приоритети на Бирото за јавна безбедност. Ова резултираше со девет сузбиени организирани криминални групи, спречени 11 меѓународни транспорти на дрога, зголемување на откриените кривични дела и сторители за 43% и најголема заплена на наркотична дрога во последните десет години.

.



## *Откриени кривични дела*

Во 2018 година откриени се **789 кривични дела**, од кои 673 „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“ за што се пријавени **782 сторители** и 116 кривични дела „овозможување на употреба наркотични дроги“ за што се пријавени 123 **сторители**.

| | кривични дела | сторители |
|---|---|---|
| 2018 | 789 | 905 |
| 2017 | 552 | 629 |
| 2016 | 608 | 708 |

Мерки на кривичен прогон беа преземени против 905 сторители, од кои 878 македонски државјани и 27 странци и тоа 16 државјани на Р.Албанија, по двајца државјани на Р.Србија, Р.Црна Гора, Р.Бугарија и Косово и по еден државјанин на Јордан, Перу и Р. Чешка.

Во анализираниот период, забележан е пораст на откривачката функција во сите Сектори за внатрешни работи, освен во Струмица, каде и покрај намалувањето на откривачката функција запленетите количини на марихуана се значително зголемени.

## Клучни наоди

- откриените кривични дела и сторители бележат зголемување од 43 % ;
- запленатa на наркотична дрога е најголема во последните 10 години;
- сузбиени се 9 организирани криминални групи;
- спречени се 10 меѓународни транспорти на марихуана и еден транспорт на кокаин.




*откривачка функција по СВР*

## *Заплена на дрога*

Во рамки на овие кривични дела запленети се **вкупно еден тон и 538,2 килограми дрога, од кои еден тон и 532,4 килограми марихуана,** еден килограм и 970 грама хероин, 586,69 грама кокаин, 819 стебла, 679 парчиња и 827,25 грама семки од растението „канабис сатива“, 472 таблети и 7,79 грама екстази, 262,4 грама амфетамин, 64 таблети и 46,73 грама метамфетамин, 918,4 грама хашиш, 5802,5 мililитри хашиш-смола, 3456,2 мililитри метадон, 1074 грама мешавина од кофеин и парацетамол, 54 парчиња бупренорфин, 8 ЛСД.

| запленета дрога | 2018 | 2017 | +/- |
|---|---|---|---|
| Марихуана (грам) | 1.532.431,91 | 510.187,28 | 200 |
| Хероин (грам) | 1.970,72 | 1.401,50 | 40,6 |
| Кокаин (грам) | 586,69 | 263,84 | 122,4 |
| Стебла | 819 | 389 | 110,5 |
| Синтетички таблети | 537 | 1.116.606 | -100,0 |
| хашиш | 918,4 | 209,22 | 339,0 |
| амфетамин | 262,37 | 180,3 | 45,5 |
| метамфетамин | 46,73 | 27,25 | 71,5 |
| хашиш масло (мл) | 5814 | 598,33 | 871,7 |







Запленатa на марихуана бележи пораст од 200 % во споредба со

2017 година, а најголеми заплени се регистрирани на ГП Богородица-516,7 килограми, подрачјето на СВР Охрид-317,9 килограми и СВР Струмица- 254,4 килограми марихуана. **Заплените на хероин во 2018 година бележат зголемување од 40% во однос на претходната година.** Годинава бројот на откриени кривични дела недозволена трговија со кокаин е зголемен за 75%, а запленетите количини бележат зголемување од 122% во однос на претходната година.




## *Организирани криминални групи*

Во 2018 година **сузбиени се девет организрани криминални групи , од кои осум** инволвирани во **недозволена трговија со марихуана и една инволвирана во недозволена трговија со кокаин, во кои дејствувале 49 членови.** Истите дејствувале на меѓународно и национално ниво, а составени се од членови државјани на Северна Македонија, шест државјани на Р.Албанија, двајца државјани на РЦрна Гора и еден од Перу. Членовите на групите организирале набавка и транспорт на марихуана, од Албанија, а во еден случај од Косово до крајната дестинација.



## *Меѓународни транспорти*

Во спречување на меѓународниот криминал со дрога, Министерството за внатрешни работи бележи значаен напредок. Поткрепа за ваквите констатации се откриените и **спречени 11 меѓународни транспорти на дрога од кои 10 транспорти на марихуана**, која од РАлбанија продолжува да транзитира преку Северна Македонија кон РТурција, при што се запленети 866 килограми и 785 грамамарихуана, а во рамките на спречените транспорти, мерки на кривичен прогон се преземени против 35 лица од кои 15 се државјани на РАлбанија **и меѓународен транспорт на течен кокаин** од Перу, чија крајна дестинација била Р.Црна Гора, а мерки на кривичен прогон се преземени против три лица.



При реализираните случаи забележани се случаи на транспорт на марихуана **прикриена во** даски од приколка на товарно возило, во специјално направен бункер во кровот на приколка од товарно возило и во автобус.

## *Откриени лаборатории*



Во 2018 година откриени се четири импровизирани лаборатории, од кои една лабораторија со инсталирана прирачна опрема за производство на синтетичка дрога, при што се запленети прекурсори, **две лаборатории** за внатрешно одгледување на канабис и една за производство на хашиш масло.

## 2.7 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ




Недозволената трговија со оружје и муниција главно се карактеризира со нелегално набавување оружје, муниција и експлозивни материи од страна на поединци а запленетото нелегално оружје најчесто е поврзано со други видови криминални активности. Ова се потврдува со фактот што во една четвртина од откриените кривични дела од случаите оружјето е запленето при расчистување на кривични дела од насилниот, имотниот криминал и недозволената трговија со дрога.

### Откриени кривични дела

Во рамки на активностите за спречување на недозволена трговија со оружје, во 2018 година беа откриени вкупно 187 кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ и едно кривично дело „фалсификување на огнено оружје“, за што кривично се пријавени 205 сторители, од кои две правни лица. Споредено со истиот период од претходната година, евидентно е зголемување на откривачката функција за 45%.




**Клучни наоди**

- **откриените кривични дела бележат зголемување од 45%;**
- **усвоен патоказот за сеопфатно спречување, следење и гонење на недозволеното поседување и злоупотреба на огнено оружје во Западен Балкан.**



### Запленето оружје

Годинава, **запленети се 167 парчиња огнено оружје,** од кои 86 пиштоли, седум револвери, 11 автоматски пушки, три полуавтоматски пушки, еден митралез, 22 ловни пушки, два ловни карабина, две малокалибарски пушки, шест рачни бомби, мина, војничка пушка, три воздушни пушки, гасен пиштол, четири пиштоли за звучна и светлосна сигнализација, 12 гранати, рачен ракетен фрлач и три рачно изработени пиштоли и полуавтоматски пиштол, а одземени се и 5.382 парчиња муниција, тромблонски додатока за пушка, пригушувач, четири детонаторски railsписли и 27.545 петарди.

| запленето оружје | 2018 | 2017 | +/- |
|---|---|---|---|
| Оружје парчиња | 167 | 190 | -12 |
| Муниција | 5382 | 9718 | -44 |
| Петарди | 27545 | 13218 | 108 |



### *Меѓународни активности*



Во рамки на меѓународните активности, за одбележување се активностите за време на Берлинскиот процес, кога е усвоен Патоказот за сеопфатно спречување, следење и гонење на недозволеното поседување и злоупотреба на огнено оружје во Западен Балкан, изработен во рамките на извидничката мисија организирана од страна на Клириншката куќа за контрола на мало и лесно оружје во Југоисточна Европа (SEESAC). Целта на Патоказот е воспоставување на контакт точки, за огнено оружје во земјите од Југоисточна Европа, меѓу кои е и Северна Македонија, унапредување на процесите за собирање и размена на информации и поголема ефикасност во сузбивање на недозволената трговија и криминалот со огнено оружје.

## *2.8 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ*



Откривачката функција во областа на криумчарење на акцизни и други стоки во 2018 година е на исто рамниште во однос на претходната година, при што откриени се 12 (11) кривични дела, од кои четири се по Законот за акцизи. Притоа, четири кривични дела се извршени од непознат сторител, додека за останатите осум, кривично се пријавени 21 сторител.



Во рамки на активностите за откривање на наведените кривичните дела, запленети се 600 килограми сув тутун, 32.989 кутии цигари, 11.297 литри ракија, 233 зимзелени садници, лекови, колонијална и текстилна стока, лекови, седум авто делови за патничко возило и добиток.

| Запленети: | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| сув тутун (килограми) | 600 | 205 |
| Цигари (кутии) | 32.989 | 15.050 |
| Ракија(литри) | 11.297 | - |
| садници | 233 | 425 |

## *2.9 СОСТОЈБИ СО ЈАВНИОТ РЕД И МИР*

Влијание врз безбедносната состојба во државата, имаа одредени настани за кои беа преземени низа активности со цел нивно спречување и ескалација, поради што во повеќе наврати се јави потребата од дополнително вонредно ангажирање на човечки и материјални ресурси. На 30.07.2018 година, Собранието на Северна Македонија донесе Одлука за одржување референдум на 30.09.2018 година, на кој граѓаните гласаа за или против членство во ЕУ и НАТО, со прифаќање на Договорот помеѓу Северна Македонија и Грција.

Министерството за внатрешни работи континуирано преземаше мерки и активности за безбедно спроведување на кампањата за референдумот, во согласност со својата функција за заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот, законот и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторители на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството. До денот на гласањето, за време на одржување на референдумот и по референдумскиот процес Министерството за внатрешни работи расветли и поднесе **кривични пријави против осум лица за сторени кривични дела:** „загрозување на сигурноста“, „повреда на слободата на определување на избирачите“, „поткуп при избори и гласање“ и „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Покрај тоа, издадени се мандатни платни налози за сторени сообраќајни прекршоци од ЗБСП: „управување на моторно возило под дејство на алкохол“, „нагло зголемување на брзината на возилото“, „непочитување на сообраќаен знак и непочитување на наредба на униформиран полициски службеник“. Поднесени се и Барања за поведување прекршочна постапка за сторени прекршоци од ЗППЈРМ и тоа: „малтретирање на друг на јавно место“, „физички напад“, „лажно претставување во однос на својата службена функција “ , „омаловажување и навредување на службено лице“, „нарушување на јрм со карање, викање или непристојни и дрско однесување“, „нарушување на јрм со омаловажување или навредување на службено лице“, „лажно пријавување на настан“ и „„неовлатено приредување на огномет, факелијада или слична приредба на јавно место“, како и еден прекршок од Изборниот законик, додека едно лице писмено е предупредено заради упатување навреди.

Имајќи ја во предвид безбедносната состојба од одржаните најавени и ненајавени јавни собири на граѓани организирани преку социјалните мрежи, судските процеси по обвинениети од Обвинителството за организиран криминал и корупција за терористичко загрозување на уставниот поредок, обвиненијата од Специјалното јавно обвинителство против поранешни носители на државни функции и постапката во Собранието на Северна Македонија за усвојување на уставните амандмани, како и зачестена појава на упатување на закани кон дел од пратениците во Собранието на Северна Македонија, преземени се мерки со цел намалување на можностите за нарушување на јавниот ред и мир, заштита на животот и имотот на граѓаните, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, овозможување непречен проток на сообраќајот, како и заштита на институциите на Северна Македонија. За време на одржување на јавните собири во Скопје регистрирани се 15 прекршоци извршени од страна на пет граѓани. Поднесени се десет кривични пријави против десет лица за сторени 16 кривични дела „загрозување на сигурноста“ и „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“.

*Протестни собири*

**Во текот на 2018 година,** забележано е континуирано одржување на протестни собири. Истите бележат зголемување за 88,8% во однос на 2017 година, но намалување за 27,8% во споредба со 2016 година.




Одржани се вкупно **610 јавни собири** и протести со блокади во сообраќајот на кои се проценува дека присуствувале околу 237.500 граѓани, што секако бараше значително ангажирање на полицискиот состав.

## Клучни наоди

- **тренд на зголемување за 88,8 % на протестните собири;**
- **за 23,5% се зголемени насилствата меѓу учениците;**
- **нарушувањата на спортски натпревари се намалени за 20%;**
- **тренд на зголемување на прекршоците за 3,7%**




Најчести причини за одржување на протестите беа изразување на незадоволство од потпишување на договорот за промена на уставното име на Северна Македонија, (кои во неколку случаи резултираа со блокирање на витални сообраќајници во Скопје и државата, меѓутоа не дојде до посериозни нарушувања на редот и мирот), потоа од постапување на државни органи при преземање на мерки и активности во врска со судски пресуди, неисплатено предадено грозје од реколтата 2016, неисплатени плати, како и против загадувањето на животната средина. За време на одржување на јавни собири, за обезбедување беа ангажирани над 12.000 полициски службеници.



Од посебна важност е зголемениот ангажман и активностите на Министерството околу безбедното спроведување на кампањата за референдумот, кој помина мирно, во фер и демократска атмосфера, без ниту еден посериозен инцидент или поголемо нарушување на јавниот ред и мир. Министерството за внатрешни работи во согласност со својата функција за заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот, законот и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторители на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството, потоа најавените и ненајавени јавни собири на граѓани организирани преку социјалните мрежи, судските процеси по обвинението од Обвинителството за организиран криминал и корупција за терористичко загрозување на уставниот поредок, обвиненијата од Специјалното јавно обвинителство против поранешни

носители на државни функции и постапката во Собранието за усвојување на уставните амандмани, како и зачестена појава на упатување на закани кон дел од пратениците во Собранието, преземаше интензивни мерки за намалување на можностите за нарушување на јавниот ред и мир, заштита на животот и имотот на граѓаните, спречување на вршење кривични дела и прекршоци.




## *Насилство меѓу ученици*

Насилното однесување меѓу учениците бележи пораст за 25,3% во споредба со минатата година. Во 2018 година, на подрачјето на Северна Македонија, регистрирани се вкупно **104 случаи** на насилничко однесување помеѓу ученици во училишта, од кои 54 случаи во основни училишта, 50 случаи во средни училишта.




Најголем број од случаите се регистрирани на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје-31 и Тетово- 23 случаи, 15 случаи се на подрачје на СВР Битола, а најмал број на случаи се регистрирани на подрачје на СВР Струмица-три.

| | 2018 | 2017 | +/- |
|---|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 31 | 26 | 15,4% |
| СВР БИТОЛА | 15 | 11 | 36,4% |
| СВР ВЕЛЕС | 5 | 5 | - |
| СВР КУМАНОВО | 7 | 9 | -22,2% |
| СВР ОХРИД | 11 | 18 | -38,8% |
| СВР СТРУМИЦА | 3 | 0 | 100% |
| СВР ТЕТОВО | 23 | 10 | 130% |
| СВР ШТИП | 10 | 4 | 150% |




Во најголем дел, односно во 87 случаи, учениците насилничкото однесување го изразиле преку физички напади, во девет случаи преку меѓусебни тепачки и во осум случаи преку вербални закани.

Од ваквото насилничко однесување повредени се 108 ученици и еден наставник, од кои на седум им се нанесени тешки телесни повреди (58 Македонци, 57 од албанската, осум од ромската и еден од бошњачката заедница во Северна Македонија).




Тешките телесни повреди се однесуваат на нанесени убодни рани со нож на шестмина ученици (во училишниот двор во средно училиште во битолското село Житоше, пред основно училиште во Скопје), со употреба на физичка сила на четворица

ученици (во двор на средно училиште „Марија Склодовска-Кири“ во Скопје, во двор на основно училиште „Гоце Делчев“ во Неготино, во основно училиште во тетовското село Желино и во гимназијата „7-ми Март“ во Тетово).

Во однос на мотивот, во 74 случаи физичките пресметки се без повод и причина, потоа во 17 случаи настанале по претходна расправија, во осум случаи се поради меѓусебно нетрпение, во четири случаи се работи за попречување на настава и во еден случај при напад на љубомора.




Од страна на Министерството за внатрешни работи при расветлување на инцидентите поднесени се осум кривични пријави и едно известување до ОЈО против девет сторители за сторени три кривични дела „насилство“, по две кривични дела „малтретирање во вршење на службата“ и „тешка телесна повреда“ и едно кривично дело „несовесно работење во службата“, како и 19 барања за поведување прекршочна постапка против 28 сторители за сторени прекршоци од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.




## *Нарушување на ЈРМ на спортски натпревари*

Нарушувањата на спортски натпревари оваа година бележат намалување за 20% во споредба со 2017 година. Регистрирани се 24 случаи на нарушен јавен ред и мир, при што во 21 од случаите се нарушувања на фудбалски натпревари, два случаи на кошаркарски и еден случај на нарушување на ракометен натпревар.




| | нарушувања | повредени ПС |
|---|---|---|
| 2018 | 24 | 2 |
| 2017 | 30 | 3 |
| 2016 | 33 | 17 |

По подрачја, од вкупниот број регистрирани случаи, најмногу се на подрачјата на СВР Тетово-осум и СВР Битола-седум, по три на подрачјата на СВР Скопје и СВР Велес, два на подрачјето на СВР Охрид, а едно на подрачје на СВР Штип.




Што се однесува до модусот, во 15 од случаите, насилниците употребиле физичка сила, во пет случаи палеле и фрлале пиротехнички средства-факели, а мал дел од нив влегле на теренот и омаловажувале и навредувале полициски службеници.

Во инцидентите повредени се 14 лица, од кои двајца полициски службеници, потоа пет судии, четворица играчи и по еден посетител, спортски директор и едно овластено лице на спортски клуб. Покрај тоа, извршено е оштетување на автобус.



По преземени мерки, Министерството за внатрешни работи поднесе кривични пријави против 14 сторители за сторени кривични дела „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста",„загрозување на сигурноста" и „насилство", додека на пет лица им се издадени платни налози за наплата на глоба за сторени прекршоци од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари и Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

## *Напад на службено лице*

Кривичните дела **„напад врз службено лице при вршење работи на безбедност" се во пораст за 10,2%** споредено со 2017 година. Регистрирани се **140 кривични дела или 13 дела повеќе од лани,** за што се **пријавени 179 сторители**.




Според начинот на извршување, најголем дел од нападите се извршени поединечно од полнолетни лица, во градска средина, а по подрачја, најмногу се на подрачје на СВР Скопје-38, како и на подрачјата на СВР Битола-23 и СВР Тетово-18 напади, а најмалку на подрачје на СВР Струмица-седум напади.

| | кривични дела | сторители |
|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 38 | 27 |
| СВР БИТОЛА | 23 | 20 |
| СВР ВЕЛЕС | 13 | 19 |
| СВР КУМАНОВО | 16 | 14 |
| СВР ОХРИД | 9 | 17 |
| СВР СТРУМИЦА | 7 | 10 |
| СВР ТЕТОВО | 18 | 13 |
| СВР ШТИП | 16 | 7 |




Употребата на огнено оружје од страна на полициски службеници при превземање службени дејствија, оваа година бележи тренд на зголемување. Во по еден случај употребено е огнено оружје на подрачјата на СВР Битола, Штип и Скопје и тоа:

- ✓ во првиот случај во Битола, при претрес во дом на лице кое претходно извршило кривично дело разбојништво во маркет, истото од пиштол повеќе пати пукало кон полициските службеници, на што било возвратено;

- ✓ во вториот случај во Берово, откако лице го нарушило јавниот ред и мир со пуштање гласна музика, истото одбило да се легитимира, почнало да ги навредува полициските службеници, а при приведувањето се насобрала група од пет-шест лица кои го поддржувале лицето во навредите, заради што во знак на предупредување било пукано во воздух;
- ✓ во последниот случај, во скопското село Арачиново, при преглед на лица и патничко возило кои се барале по потерница, едно од лицата го стартувало возилото и удрило во двајца полициски службеници, нанесувајќи им телесни повреди, по што се дал во бегство, а од страна на службениците биле испукани пет куршуми во воздух.




### *Статистички податоци од областа на јавниот ред и мир*

Статистичките показатели говорат дека е забележан **пораст за околу 5%** на прекршоците против јавниот ред и мир, компаративно со истиот период минатата година. Регистрирани се **7.132 прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка**, или 253 повеќе од лани. Од нив околу 29,4% се извршени на подрачје на СВР Скопје, додека најповолна состојба е забележана на подрачје на СВР Струмица, со извршени 8,2% прекршоци од вкупниот број.




Што се однесува до сторителите, регистрирани се **9.631 лице, во најголем дел македонски, а 35 се странски државјани. Според полот, 89,3%** се од машки пол, најчесто на возраст од над 25 години и од категоријата на невработени лица.

Според видот на прекршокот, 32,6% од барањата се поднесени за сторен прекршок „физички напад“, во најголем дел извршени на подрачјата на СВР Скопје-28,5% и СВР Битола-13,8%. И прекршокот „предизвикување или учество во тепачка“ доминира со 14% застапеност најмногу извршени на подрачје на СВР Штип, додека зголемување за 8,6% е забележано кај прекршокот „карање, викање на јавно место“ кој речиси за 45% е зголемен на подрачјата на СВР Штип и СВР Охрид.



## *2.10 БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ*

Безбедноста во сообраќајот во текот на 2018 година е на задоволително ниво. Преземените превентивни мерки и активности на службите за безбедност на сообраќајот на Министерството за внатрешни работи придонесоа да се намали бројот на сообраќајните незгоди со потешки последици за 7% во однос на минатата година и за 14% на бројот на жртвите во сообраќајот.

### *Сообраќајни незгоди со потешки последици*

Сообраќајните незгоди со потешки последици, **бележат намалување споредено со претходните две години.** Во текот на 2018 година, на патиштата низ државата случени се **3.740 незгоди** со потешки последици или **по околу 10 незгоди во текот на едно деноноќие.** Од нив, 96,8% се незгоди со повредени лица, а останатите се незгоди со човечки загуби.




Најголем дел од незгодите се случиле на подрачје на СВР Скопје-38,8% од вкупниот број, но сепак нивниот број е намален за 12% во однос на минатата година. Подрачјето на СВР Велес пак оваа година бележи пад на незгодите за над 63%, а намалување од 35% е забележано и на подрачјата на СВР Струмица и СВР Битола.

| | вкупно незгоди со потешки последици | незгоди со загинати | незгоди со повредени |
|---|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 1.452 | 32 | 1.420 |
| СВР БИТОЛА | 371 | 18 | 353 |
| СВР ВЕЛЕС | 288 | 4 | 284 |
| СВР КУМАНОВО | 306 | 7 | 299 |
| СВР ОХРИД | 314 | 12 | 302 |
| СВР СТРУМИЦА | 211 | 11 | 200 |
| СВР ТЕТОВО | 451 | 15 | 436 |
| СВР ШТИП | 347 | 19 | 328 |

**Речиси 73% од незгодите се случиле на улиците во населените места**, додека останатите се случени **надвор од населено место, најмногу на регионалните патишта-330, а**

### Клучни наоди

- **тренд на намалување за 7% на сообраќајните незгоди;**
- **38,8% од незгодите се случени на подрачје на СВР Скопје;**
- **намалување за 14,2% на бројот на загинати лица;**
- **тренд на зголемување на прекршоците за 23%**





најмалку на магистралните патишта-138 незгоди. Според видот на случување, најбројни се меѓусебните судири на возила во движење-56,7% од незгодите, потоа 21,6% од незгодите се случиле поради удар со возило во пешаци, а само три незгоди се поради удар во животно на патот.




Следејќи го трендот на случување на незгодите по месеци, може да се забележи дека 31% од вкупниот број на незгоди се случиле **во текот јули, август и септември, кога загинале и најмногу лица-44, а 1.882 биле повредени.**

Според временската рамка, најмногу незгоди низ улиците во населените места се случиле во **утринските часови** во времето од 06,00 до 08,00 часот и во **попладневните часови** во периодот од 16,00 до 18,00 часот-**403 незгоди**, додека на патиштата надвор од населените места периодот од 14,00 до 17,00 часот е критичен период кога се случиле вкупно 258 незгоди.



Како критични денови во неделата кога се случуваат и најголем дел од сообраќајните незгоди се **понеделник и сабота- над 550 незгоди**, додека најмал број незгоди се случиле во недела-502.

Субјективниот фактор има најголемо влијание за случување на сообраќајните незгоди. **Управувањето со возилото со брзина поголема од дозволената е причина број еден за случување на 638 незгоди** во кои загинале повеќе од 32% од лицата, но и поради непочитување на правилата за првенство на минување и недржење страна и правец на движење.




| | вкупно незгоди | незгоди со загинати | незгоди со повредени |
|---|---|---|---|
| БРЗО ВОЗЕЊЕ | 638 | 38 | 600 |
| ПРВЕНСТВО НА МИНУВАЊЕ | 515 | 8 | 507 |
| НЕДРЖЕЊЕ СТРАНА И ПРАВЕЦ | 390 | 23 | 367 |
| НЕПРАВИЛНО ДВИЖЕЊЕ, СВРТУВАЊЕ | 356 | 7 | 349 |
| УПРАВУВАЊЕ ПОД ДЕЈСТВО НА АЛКОХОЛ | 361 | 8 | 353 |



## *Настрадани лица*

**Тренд на намалување** бележи и бројот на настраданите лица во сообраќајните незгоди. Во текот на 2018 година, настрадале 5.993 лица, или 386 лица помалку компаративно со минатата година. За одбележување е дека **за 14,2% е намален бројот на загинатите лица**. Во сообраќајните незгоди 5.860 лица биле повредени, од кои 831 лице било со тешки повреди, а 5.029 со полесни повреди, додека животот го загубиле 133 учесници во сообраќајот.




Евидентно е дека поголемиот дел од лицата, настрадале во сообраќајни незгоди кои се случиле на **подрачјето на СВР Скопје, каде 36 лица загинале,** а 2.146 се повредени. Најмал број на загинати и повредени лица во сообраќајните незгоди изминатиот период има на подрачјето на СВР Струмица.

| | загинати | тешко повредени | лесно повредени |
|---|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 36 | 249 | 1897 |
| СВР БИТОЛА | 24 | 112 | 430 |
| СВР ВЕЛЕС | 4 | 75 | 359 |
| СВР КУМАНОВО | 9 | 57 | 425 |
| СВР ОХРИД | 12 | 78 | 438 |
| СВР СТРУМИЦА | 13 | 73 | 299 |
| СВР ТЕТОВО | 15 | 82 | 757 |
| СВР ШТИП | 20 | 105 | 424 |




## *Загинати лица*

Во однос на загинатите лица, оваа година бројот на жртвите во сообраќајните незгоди е во намалување во споредба со останатите три години. Континуираните активности на полицијата резултираа **со намалување од 14,2% на загинатите лица,** компаративно со минатата година, но и со претходните две години за 19,4% во однос на 2016 година, а за 11,3% споредено со 2015 година.



Гледано по месеци, најмногу лица загинале во текот на септември-16, а најмалку во март, април и ноември-по осум лица, додека критичен ден со најмногу жртви е недела кога животот го загубиле 26 лица.

Најголемо намалување на бројот на жртвите е забележан на подрачјето на СВР Велес за 63,6%, како и на подрачјата на СВР Струмица за 38% и СВР Штип за 33,3%. Намален е и бројот на жртвите на подрачјата на СВР Битола и СВР Скопје, додека за

50% е зголемен бројот на загинатите лица на подрачјата на СВР Куманово и СВР Тетово.

Како критично подрачје со најмногу загинати лица останува подрачјето на СВР Скопје, каде најголем дел незгодите се случиле во населените места. Најзагрозени улици каде згаснале човечки животи се булеварите „Александар Македонски“, „АВНОЈ“, „Никола Карев“, „Србија“, како и улиците „Благоја Стефковски“, „Јадранска Магистрала“, „Првомајска“, „Кемал Сејфула“ итн, а во една од незгодите случени на железничкиот премин во Маџари, животот го загубил 34-годишен полициски службеник.






Според **категоријата на учесници**, најголем број од загинатите лица се **возачи на патнички возила-48**, потоа патници-29 и пешаци-27, а во однос на **старосната структура, 31,6%** од загинатите лица се на возараст **од 41 до 64 години** или **42 лица,** 38 лица се на возраст од 25 до 40 години, а 31 лице над 65 годишна возраст.

## *Превентивно-репресивни мерки*

### Репресивни мерки




Службите за безбедност на патниот сообраќај планираа и спроведоа акциски контроли во патниот сообраќај на патиштата низ државата во сите Сектори за внатрешни работи. Во 2018 година, беа планирани и реализирани 55 републички акциски контроли. Покрај нив, во рамки на месечните планови се реализираа и 26 засилени акциски контори во патниот сообраќај за потешките прекршоци.

Резултат на зајакнатите контроли се регистрираните **105.237 прекршоци кои бележат тренд на зголемување за 23%** во споредба со минатата година. Најмногу прекршоци се констатирани на подрачјата на **СВР Штип-19.151 и СВР Тетово-18.990,** кои во споредба со 2017 година се зголемени за повеќе од 35%.



Против прекршителите на сообраќајните правила и прописи, преземени се вкупно **215.664 превентивно-репресивни мерки** и истите се зголемени за **36%** споредбено со истиот период минатата година кога беа преземени 158.697 мерки.

**Издадени се вкупно 221.718 прекршочни платни и мандатни налози, од нив наплатени се вкупно 12.546** налози, предупредени се 23.200 учесници. Од сообраќај исклучени се за 40,6% повеќе возачи од минатата година или 34.894 возачи, од нив над 30% се на подрачје на СВР Скопје, а најмалку на подрачје на СВР Куманово-5,3% возачи.

**И поднесените барања за поведување прекршочна постапка бележат пораст за повеќе од 24%. Притоа, половина од нив** се однесуваат за сторени **прекршоци „употреба на нерегистрирани возила“ и „управување без возачка дозвола“**, кои всушност не претставуваат директна закана за безбедноста на сообраќајот. Засилените контроли на полицијата резултираа со зголемување на санкциите за речиси 50% на учесниците кои во сообраќајот управувале возило без возачка дозвола во однос на лани.




Оваа година **за два пати е зголемен** бројот на поднесените барања за поведување прекршочна постапка против возачите **кои управувале под дејство на алкохол,** за 92% на барањата заради „не држење страна и правец на движење“, додека за повеќе од 67% заради „техничка неисправност на возилата“.




## Превентивни активности

Министерството за внатрешни работи, во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата спроведуваaa кампањи од превентивно-воспитен и едукативен карактер во поглед на подигнување на сообраќајната дисциплина, свест и култура на сите учесници во сообраќајот и тоа :

- Кампања за ограничување на брзината;
- Кампања за поголема безбедност на Младите во сообраќајот во пресрет на матурските вечери;
- Едукативна акција „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“, „Детски Семафор“ и „Сообраќајно Техничка Култура на Младите“.




Исто така, превземени се мерки и активности за подигнување на вниманието и свеста за безбедноста во сообраќајот, за спроведување на годишна национална кампања на ОКТА АД Скопје под наслов „ЈАС ВНИМАВАМ“, а во текот на јануари и февруари 2018 година во близина на бензинската станица на ОКТА лоцирана на булеварот „Трета Македонска Бригада“ во Скопје, беше спроведена главната активност под мотото: „Не зборувам на телефон додека возам!“



## *2.11 ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАНЦИ*

Безбедоносната состојбата на границите со соседните земји изминатата година беше стабилна и поволна. Илегалните преминувања на Европските надворешни граници, според извештајот на Агенцијата за европска гранична полиција и крајбрежна стража-Фронтекс изминатата 2018 година се на најниското ниво споредено со претходните пет години. Ваквата состојба е како резултат на намалувањето на бројот на илегалните мигранти долж Централно Медитеранската рута со крајна дестинација Италија, каде исто така е забележан најмал број на илегални влегувања гледано од 2012 година па досега. Тренд на зголемување бележат пак илегалните преминувања долж Источно Медитеранската рута преку Грција, каде што во голема мера импакт врз ваквата состојба има промената на рутата и користењето нови правци **за илегално преминување преку „Јадранска крајбрежна рута"- од Р Грција преку Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска, а во голем дел и преку Северна Македонија**.

### *Илегална миграција*

Состојбата со спречените обиди за илегални преминувања во нашата држава во 2018 година бележи тренд на зголемување за 300% во споредба со 2017 година. Регистрирани се **16.895 обиди за илегални преминувања**, од нив најмногу на границата со Р Грција-88,4%.




### Клучни наоди

- зголемување за 300% на бројот на обиди за илегални преминувања;
- регистрирани се 16.895 преминувања, од нив 88,4% на граница со р Грција;
- над 68% од обидите се спречени во период од јуни до октомври;
- најбројни се мигрантите по потекло од пакистан и Иран-со застапеност од по 30%.

Северната граница во голем дел се користи за илегален излез од државата, но регистрирана е и појава на мигранти од Иран кои се враќаат од Србија со намера преку Грција да заминат во некоја од земјите од Европската Унија. Источната граница со Бугарија иако не е дел од рутата која ја користат мигрантите, поради близината на магистралните патишта и населените места долж граничната линија е привлечна за илегални преминувања и истата бележи зголемување на обидите за 73,7%. На западната граница со Р Албанија, бројот на регистрираните обиди е во благо намалување во споредба со лани.




Околу 57% од лицата **се спречени при обид да остварат влез во Северна Македонија**, во најголем дел на границата со Р Грција. Најчести места каде се откриваат мигрантите се во Гевгелискиот реон-автобуската станица Гевгелија, Браната Паљурци, селата Моин, Негорци, Богородица и Прдејци, додека

во Дојранскиот реон, мигрантите се откриваат во близина на селата Костурино, Николиќ, Црничани итн. Зголемување на обидите е забележано во периодот од јуни до октомври, кога се откриени над 68% од вкупниот број на мигранти заради добрите временски услови, како и ново пристигнатите мигранти на грчка територија, по што нивниот број значително се намалува.



Според структурата, најголем дел од мигрантите се по потекло од Пакистан-29,4% и од Иран-29%, но во голем број сеуште се присутни и мигранти од Авганистан-15,5%, а во помал број присутни се и мигранти од Ирак, Индија, Либија, Сирија, Мароко, Бангладеш итн.

| Топ пет спречени илегални мигранти | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| АВГАНИСТАН | 963 | 2625 |
| ПАКИСТАН | 1033 | 4970 |
| ИРАК | 250 | 959 |
| ИРАН | 194 | 4914 |
| ИНДИЈА | 31 | 717 |




Во однос на модусот, во повеќето случаи, мигрантите на организиран начин илегално ја преминуваат границата, а мал дел од нив поминуваат пеш, самостојно во групи составени од три до пет лица. За илегално преминување на границата најчесто се користат ноќните и раните утрински часови, искористувајќи го периодот кога се врши смена од страна на патролните тимови.



Во текот на 2018 година, на границата со Р Грција, регистриран е **граничен инцидент**, за разлика од лани кога не се регистрирани вакви нарушувања. Мерки на кривичен прогон се преземени против 36 годишно лице кое со работна машина ги оштетило граничните камења поставени на потег од ГК 132 до ГК 147, туркајќи ги од територијата на Р Грција кон територијата на Северна Македонија.

## Гранични работи и граничен надзор

Во текот на годината, превземени се низа активности за справување со предизвиците од актуелната регионала мигрантската криза, сузбивање на прекуграничниот криминал, ефикасна контрола на граничните премини и обезбедување на брз и непречен проток на патници, како и натамошно развивање на прекуграничната полициска соработка и продолжување на процесот на материјално техничко опремување и модернизација на организација на организационите единици на Граничната полиција.

Прекуграничната полициска соработка се одвиваше во насока на спроведување на веќе имплементираните форми на прекугранична полициска соработка согласно Шенген Каталогот со ЕУ препораки и најдобри пракси. Еден од приоритетите беше и склучувањето на **Договорот за статус** меѓу Владата на Северна Македонија и Европската Унија за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Северна Македонија (Frontex - EBCGA). Одржани се три состаноци, а договорот е парафиран на 18.07.2018, од страна на Комесарот за миграција, внатрешни работи и државјанство и Министерот за внатрешни работи.

Од страна на припадници на граничната полиција земено е учество во седум Заеднички оперативни активности на Frontex во воздушниот и копнениот сектор. Исто така, на подрачјето на РЦ за ГР „Север", во ПС за ГП и ГН „Табановце" во периодот од 27.02. до 04.12.2018 година, спроведена е заедничка операција на Фронтекс - **JO Coordination Point BCP Tabanovce 2018,** во која учествуваа 29 полициски службеници од девет земји членки на Европската Унија (Австрија, Унгарија, Германија, Романија, Латвија, Бугарија, Белгија Хрватска и Португалија). Полициските службеници кои земаа учество се експерти за откривање на фалсификувани документи, за откривање на фалсификувани возила и водачи на службени кучиња со службено куче (Португалија). Со реализацијата на наведената заедничка операција, МВР на Северна Македонија шеста година по ред е земја домаќин на заедничка операција од програмата на Фронтекс.

Покрај тоа, земено е учество во изготвување на Твининг фише и постапка за избор на твининг партнер за проектот „Усогласување на националните системи со ЕУ и Шенген стандардите во граничното управување", кој проект ќе се реализира во рамки на Програмата ИПА II -2014-2020 година со времетраење од 18 месеци.

### Клучни наоди

- склучување на договор за статус со Фронтекс;
- спроведена заедничка операција на Фронтекс на подрачје на ПС за ГП и ГН Табановце;
- реализирани активности во повеќе проекти и програми со цел јакнење на националните капацитети;
- присуство на 1.401 полициски службеник од осум земји во рамки на заедничка операција за засилен надзор на јужната граница.








Реализирани се активности и во рамки на активните Проекти и програми со цел јакнење на националните капацитети преку учество во други меѓународни проектии тоа:

- ИПА 2 Програма - Проект „Регионална подршка за управување со миграциските текови на категории на кои им е потребна заштита во Западен Балкан и Турција;
- ИПА 2 Програма – Проект Акциско фише „Миграција, азил, гранично управување и борба против тероризам и организиран криминал;
- IOM Проект „Јакнење на капацитетите за идентификација и заштита на ранливи групи на мигранти во државите на Западен Балкан„ (PRM) – фаза II и III;
- IOM Проект против насилство и трговија со луѓе финансирани од страна на (ИНЛ)-САД и УСАИД;
- IOM Проект „Мапирање на состојбата со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан“ кофинансиран од Швајцарска Амбасада“;
- IOM Проект „Поддршка на земјите од Западен Балкан во воспоставување на Напреден систем за патниците (API) систем; IOM Проект „Зајакнување на капацитетите и механизмите за идентификација и заштита на ранливи групи на мигранти во државите на Западен Балкан“ редовни состаноци на сите земји учеснички;




- IOM Проект„Посебна мерка за поддршка на Северна Македонија за управување со својата јужна граница во контекст на Европската миграциска криза„;
- IOM Проект „Зајакнување на прекуграничната соработка долж Западно балканската рута (CROBOWEB)“ финансиран од ИНЛ бирото при Државниот секретаријат на Соединетите Американски држави“;
- MARRI Проект „Поддршка на соработката помеѓу граничните полиции на аеродромите во ЈИЕ-BORDAIRPOL III, како и во помала мера учество во ICMPD Програма за краткорочна помош (StAMM) и
- ICMPD Проект „Идентификација и интеграција на жртвите на трговија со луѓе меѓу ранливи групи и непридружувани малолетници„ (TRAM).



Преку горенаведените активности, се работеше на зајакнување на капацитетите на граничната полиција за поефикасно справување со мешовити миграции, подобрување на ефикасноста на Заедничките контакт центри за полициска соработка и нивно идно меѓусебно поврзување, како и на создавање на предуслови за воспоставување на API систем на

граничните премини за воздушен сообраќај.



Покрај ова, во текот на годината се продолжи со организација и координација на севкупните активности поврзани со реализацијата на меѓународната "Заедничката операција за засилен надзор на јужната граница на Северна Македонија, со ангажирање на полициски службеници од странство". Во ваквата активност учествуваа **вкупно 1.401 полициски службеник од осум земји (Хрватска, Србија, Словенија, Австрија, Чешка, Полска, Унгарија и Словачка).** Истите заедно со припадници на граничната полиција, во заеднички мешани патроли вршеа засилен надзор на јужниот дел од државната граница чија цел е спречување на обидите за илегален влез или излез на мигранти од Р Грција, како и откривање на случаи на криумчарење мигранти.

## *Гранични проверки, контрола на движење, престој на странци и преземени мерки*

### *Проток на патници*

Во текот на 2018 година, на граничните премини во државата, регистрирани се **вкупно 20.492.472 патници,** што претставува **зголемување за 10%,** во однос на минатата година. Најголем број од патниците на влез/излез на граничните премини се регистрирани во месеците додека трае летната сезона.

| На граница со: | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| Р ГРЦИЈА | 4.576.328 | 4.598.040 |
| Р БУГАРИЈА | 2.548.709 | 2.799.892 |
| Р АЛБАНИЈА | 2.626.124 | 2.624.970 |
| Р КОСОВО | 3.325.495 | 3.677.632 |
| Р СРБИЈА | 3.558.063 | 4.470.539 |
| АЕРОДРОМИ | 2.015.044 | 2.321.399 |

Во однос на државјанството на патниците кои се регистрирани на влез и излез од државата, за напоменување е дека поголемиот дел или 59,5% се странски државјани, а над 53% од патниците се регистрирани при влез во државата.

Најголем дел од патниците го користеле граничниот премин „Табановце"- 21,4% и истиот бележи зголемување на бројот на патниците за повеќе од 25% споредено со минатата година. И на граничниот премин „Богородица" фрекфенцијата на патници

**Клучни наоди**

- **за 10% е зголемен протокот на патници на граничните премини;**
- **најфрекфентен е граничниот премин „Табановце"-21,4% патници**
- **најзастапени се српските и косовските државјани**



беше застапена со 15% од вкупниот број на патници, на граничниот премин „Блаце“, регистрирани се 14,6% од патниците, додека на Меѓународниот Аеродром во Скопје оваа година беше регистриран два милионитиот патник.

| На граница со: | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| ГП „ТАБАНОВЦЕ“ | 3.486.828 | 4.391.368 |
| ГП „БОГОРОДИЦА“ | 3.030.824 | 3.054.583 |
| ГП „БЛАЦЕ“ | 2.730.908 | 2.996.411 |
| ГП„МЕЃУНАРОДЕН АЕРОДРОМ“-СКОПЈЕ | 1.857.060 | 2.138.839 |
| ГП „ЌАФАСАН“ | 1.489.708 | 1.479.558 |
| ГП „ДЕВЕ БАИР“ | 1.234.016 | 1.318.494 |




Најголем број странски државјани кои оствариле влез, односно излез од Северна Македонија во изминатиот период биле државјаните од соседните земји и тоа српските државјани-13% и косовските државјани-9,6%, но со висока застапеност се и албанските-8,6%, грчките-6,2% и бугарските државјани-5,6%.



| | влез | излез | вкупно |
|---|---|---|---|
| Албанија | 999.358 | 761.957 | 1.761.315 |
| Грција | 781.119 | 483.306 | 1.264.425 |
| Бугарија | 591.118 | 564.313 | 1.155.431 |
| Косово | 1.496.196 | 474.025 | 1.970.221 |
| Србија | 1.677.346 | 979.517 | 2.656.863 |
| Турција | 230.940 | 200.060 | 431.000 |
| Германија | 203.021 | 137.100 | 340.121 |




**Тренд на зголемување за 7%** бележи недозволениот влез на странски државјани. Од страна на службите на граничните премини, по разни основи не е дозволен влез во Северна Македонија на **2.710 странски државјани**, во најголем број на албански-709, потоа, на турски-407, косовски-224, кинески-112, по 78 српски и казахстански државјани, на 72 грузиски државјани и во помал број други странски државјани.

Во најголем број или 64% од странските државјани не им е дозволен влез на граничните премини на подрачјето на Регионалниот Центар „Север“, 21,3% на граничните премини на подрачјето на Регионалниот Центар „Запад“, а мал процент на граничните премини на подрачјето на Регионалниот Центар „Исток“-8% и 6,7% на подрачјето на Регионалниот Центар „Југ“. **Најчести причини за недозволен влез се** : давање неточни податоци за себе, илегално вработување и непоседување

важечка виза за влез. Во истиот период на граничните премини во државата не им е дозволен **излез** на **416** странски државјани и истите бележат **опаѓачки тренд за 14,4%** во споредба со минатата година. По државјанство, најбројни се албанските државјани-134, српските-65, турските-52, косовските -45, бугарските-15, по 11 германски и холандски и други.




| граници | Недозволен влез | Недозволен излез |
|---|---|---|
| ГРЦИЈА | 181 | 54 |
| БУГАРИЈА | 219 | 43 |
| АЛБАНИЈА | 552 | 52 |
| СРБИЈА | 335 | 77 |
| КОСОВО | 563 | 13 |
| АЕРОДРОМИ | 860 | 177 |

## *Престој на странски државјани по разни основи, преземени прекршочни и кривични мерки*

Во однос на **престојот на странските** државјани, истите бележат зголемување за 14,7%. Издадени се дозволи за привремен престој на **3.414** (2.975) **странски државјани** најчесто **по основ на вработување-1.539,** член на потесно семејство на државјанин на Северна Македонија-708 и по основ на школување-602. Инаку, во нашата држава во текот на 2018 година, до три месеци привремено престојувале **505.005 странски државјани или за 12,5% повеќе** од минатата година. Од нив најчесто како туристи престојувале- 333.230 странски државјани, во приватни посети-157.113 и од деловни причини-3.837 лица.

Клучни наоди

- **пораст на дозволите за привремен престој на странски државјани за 14,7%;**
- **кривичните дела извршени од странци се зголемени за 10,2%**
- **пораст за 41% и на прекршоците извршени од странци;**
- **поднесени се нови барања за признавање право на азил од страна на 299 лица;**

| Топ 10 странски државјани | Дозволи за привремен престој | Дозволи за престој до три месеци |
|---|---|---|
| Албански | 313 | 23.614 |
| Српски | 375 | 50.375 |
| Турски | 1134 | 58.759 |
| Косовски | 278 | 13.444 |
| Бугарски | 81 | 39.654 |
| Грчки | 87 | 32.096 |
| Германски | 81 | 33.797 |
| Холандски | 25 | 20.042 |




Во континуитет **бележиме зголемување во делот на преземените мерки против странските државјани,** поради незаконски активности извршени при нивниот престој во Северна Македонија. Во рамките на овие мерки беа поднесени

308кривични пријави, против 346 странски државјани за сторени 455 кривични дела. И оваа година како и претходната, доминираа **државјаните на РАлбанија со 26%,** како сторители на кривични дела, турските државјани-15,2% и со над 8% застапеност бугарските, српските и косовските државјани.

Најзастапени кривични дела извршени од странски државјани се „фалсификување исправа“, „тешка кражба“, „загрозување на безбедноста во сообраќајот“, „кражба“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“.




| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 413 | 455 |
| КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ | 336 | 308 |
| СТОРИТЕЛИ | 391 | 346 |
| АЛБАНСКИ | 120 | 90 |
| КОСОВСКИ | 57 | 38 |
| ТУРСКИ | 35 | 69 |
| СРПСКИ | 47 | 34 |
| БУГАРСКИ | 35 | 38 |




Во делот на прекршоците, истите се зголемени за 40,6% споредено со минатата година. Поднесени се 1.134 прекршочни пријави против странски државјани, а околу 40% од прекршоците се извршени од државјаните на РАлбанија, потоа 13,3% од РСрбија, 8,1% од Р Косово и 7,3% од РТурција. Инаку, дури 76,7% од прекршоците се извршени по **Законот за странци, од нив половина** поради незаконски престој, додека 15% се поради сторени прекршоци од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во овој период бележиме зголемување на бројот на баратели на азил за 84,6% споредено со минатата година. Од страна на 299 (162) лица поднесени се нови барања за признавање право на азил, а најбројни баратели на азил беа државјаните на Пакистан-89, Ирак-73 и Авганистан-46. Согласно Законот за азил и привремена заштита, Секторот за азил донесе решенија со кои на вкупно 279 лица, им се продолжи правото на престој заради супсидијарна заштита, од нив на 269 лица кои престојуваат по овој основ од косовската криза во 1999 година на четири лица од Сирија и по три од Пакистан и од Конго, додека девет решенија се донесени со кое се одбива барањето за меѓународна заштита. Покрај решенијата, беа издадени и 20 лични карти за лица под супсидијарна заштита, две лични



карти за лице со признат статус на бегалец и 77 идентификациони исправи, за лица баратели на право за азил.

## *ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА И УПОТРЕБА НА СРЕДСТВА ЗА ПРИСИЛБА*



### *Полициски овластувања*

Во текот на 2018 година, полициските службеници преземаа полициски овластувања во насока на заштита на основните слободи и права на граѓаните, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за откривање на сторителите, како и одржување на јавниот ред и мир во земјата.

Примената на полициските овластувањата кои се однесуваат на утврдување на идентитет на лица и предмети бележи незначително зголемување во однос на минатата година.

Од останатите мерки, може да се спомене одземањето на 9.768 (6.790) предмети, а извршени се 327 (243) претреси во простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица, во најголем дел заради обезбедување документација за успешно водење на кривична постапка, како и заради пронаоѓање и фаќање на лице затекнато во извршување на кривично дело кое се дало во бегство.



### *Средства за присилба*

Случаите на употреба на средствата за присилба бележат тренд на зголемување за 15%. Во 2018 година во 740 случаи полициските службеници употребиле средства за присилба, за разлика од лани-643 случаи. Најголем дел се при вршење на кривични дела и при воспоставување на нарушен јавен ред и мир. По извршеното оценување на преземените мерки во сите случаи употребата на средствата за присилба е оправдана.



Во три случаи е употребено огнено оружје при преземање на активности за спречување и откривање на кривични дела, во 568 случаи средства за врзување, во 149 случаи физичка сила и во 13 случаи гумена палка. При употребата на средствата за присилба, едно лице од тетовско кое се барало по меѓународна и централни потерници за издржување вкупна казна затвор во траење од 26 години и 10 месеци е загинато, а повредени се уште 24 лица, од кои на две лица им се нанесени тешки телесни повреди, додека на останатите лица им се нанесени лесни телесни повреди.

## III. ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ РАБОТИ



## *3.1 Спречување на вршење кривични дела и прекршоци (Превенција)*

Во рамките на соработката и градењето доверба на полицијата со локалното население, Министерството за внатрешни работи преку службите за превенција и полициските станици континуирано спроведуваше активности од секој аспект од полициското работење. Основната задача на превентивното работење беше во насока на градење на позитивен однос со заедницата, развивање на програми за превенција, идентификување на фактори на ризик и предлагање на мерки и активности за намалување, односно отстранување на негативните влијанија, а во насока на заштита на животот, личната безбедност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на луѓето, како и одржување на јавниот ред и мир и превенција од криминал.

*Реализирани се над 12.000 превентивни активности и изготвен е Прирачник за Локален совет за превенција*

Во 2018 година реализирани се над 12.000 превентивни активности поврзани со проекти, кампањи, акциони планови, соработка со локалната самоуправа, како и активности во рамки на планови за преземање на зајакнати превентивни мерки. Од областа на превенцијата и зајакнување на концептот на полициско работење во заедницата изработен е Прирачник за Локален совет за превенција, кој е промовиран на 07.12.2018 година и со подршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје истиот е испечатен во 1.500 примероци.

Најголемиот дел од мерките беа во рамки на проектите „Внимателна заедница-безбедна заедница“, „Без толеранција за дрога и алкохол“, „Полицијата и учениците се дружат“, „Безбедност во училиштата“, „Превенција од имотни деликти“, „Безбедно на интернет, „Лето без пожари“ и др. Една од проектните активности од доменот на јакнење на капацитетите на полициските службеници е „Превенција од насилен екстремизам, радикализација и тероризам преку полициско работење во заедницата“. Службите за безбедност на патниот сообраќај на Министерството за внатрешни работи оваа година во континуитет се ангажираа и превземаа засилени активности во делот на превенцијата. При тоа, Секторот за сообраќајни работи во соработка со ОКТА АД Скопје, преземаше мерки и активности за подигнување на вниманието и свеста за безбедноста во сообраќајот со спроведување на годишна национална кампања под наслов „Јас внимавам“ .



Дел од активностите медиумски се проследени на локалните и националните телевизии, пишаните медиуми како и на веб порталите на општините, преку кои пошироката јавност поблиску е запознаена

со концептот на работа на „Полицијата блиска до граѓаните„ и со резултатите на реализираните активности.

## *3.2 Активности за меѓународна и меѓуинституционална полициска соработка*

### *Активности на Секторот за меѓународна полициска соработка*

Сектор за меѓународна полициска соработка претставува контакт точка, преку која се одвива севкупната оперативна соработка на службите за спроведување на законот во Северна Македонија со сите земји преку каналите на ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕЛЕК, странските офицери за врска во Северна Македонија или во други земји, акредитирани за Северна Македонија и нашите офицери за врска со странство.

Оваа година во секторот се отворени **2.609 нови предмети**, а разменети се **152.993 електронски пораки**, од кои 94% се разменети преку мрежата на Интерпол.




Во однос на учеството на Северна Македонија кон аналитичките проекти во рамки на аналитичките работни досиеја на ЕВРОПОЛ, покрај размена на информации во рамки на петте контакт точки кон кои во текот на изминатите години се пристапи од областа на тероризмот, илегалната миграција и компјутерскиот криминал, оваа година МВР пристапи кон аналитички проект за борба против криминалот врз животната средина. Во 2018 година изработена беше анализа со статистички показатели и со препораки за интензивирање на оперативната соработка на националните органи за спроведување на законот со ЕВРОПОЛ, со цел да се зголеми размената на оперативни информации и учеството на Северна Македонија во билатерални или мултилатерални операции во сите области од криминал.

> ***МВР пристапи кон аналитички проект за борба против криминалот врз животната средина***
>
> ***Северна Македонија учествуваше во четири регионални и меѓународни операции.***
>
> ***Ставена во употреба алатката со која се направи поврзување на граничните евиденции во МВР со ИНТЕРПОЛ мрежата.***

Согласно Циклусот на политики на ЕУ (EU Policy Cycle) за периодот 2018-2021 година, во рамки на EMPACT (European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats), Северна

Македонија учествуваше во три заеднички регионални операции за спречување на илегална миграција, за спречување на нелегална трговија со оружје и дрога и за спречување на недозволена трговија со дрога која беше спроведена во две фази.

Во рамки на модернизација на полициските системи во Северна Македонија, беше ставена во употреба алатката Fixed INTERPOL Network Database со која се направи поврзување на граничните евиденции во МВР со ИНТЕРПОЛ I-24/7 мрежата, што резултираше со автоматска проверка во евиденциите на ИНТЕРПОЛ за потраги по лица, документи и моторни возила. Во организација на Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ, беше спроведена заедничка Глобална операција наречена “LIONFISH”, против нелегалната трговија со дрога и оружје во 93 земји. Во рамки на операцијата во нашата земја од слобода беа лишени 29 лица и беа запленети 72,2 килограми марихуана, девет килограми хашиш, 138 грама хероин, 91 грам кокаин, 96 таблети-екстази, 39 грама амфетамин, 469 мешавина од парацетамол и кофеин, пиштол, 50 куршуми, четири фалсификувани лични карти и четири патни исправи.

### *Меѓународни активности на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал*

Одделот за сузбивање на организран и сериозен криминал, во рамки на сузбивање на меѓународна криминална група за криумчарење мигранти со фалсификувани патни исправи, оствари соработка и добиваше секојдневна поддршка од страна на Регионалната канцеларија за безбедност и истраги при САД Амбасада во Северна Македонија, од меѓународни организации (ЕВРОПОЛ и СЕЛЕК), како и повеќе различни држави (Албанија, Австрија, Шпанија и Бугарија), со што беше потврдено дека меѓународната соработка во сузбивање на меѓународни криминални мрежи е од исклучително значење.

> ***Со помош на меѓународна соработка сузбиена е меѓународна криминална група за криумчарење мигранти, спречени се два меѓународни транспорти за недозволена трговија со кокаин и марихуана и сузбиена е организирана криминална група за недоволена трговија со дрога.***
>
> ***Иницијатива за формирање на регионален Task force за борба против организирани криминални групи за криумчарење луѓе.***

Имајќи го предвид фактот дека борбата против илегалната миграција е еден од клучните приоритети на Европската унија, годинава беше иницирана Работна група за борба против организирани криминални групи кои се занимаваат со криумчарење луѓе, односно регионален Task force (Balkan Task Force). Целта на формирањето ќе биде размена на информации и воспоставување на платформа за водење заеднички истраги помеѓу Германија, Италија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Косово, Бугарија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Грција, Бугарија и Унгарија, преку Канцеларијата на JOO (Joint operational office), а со посредство на Фронтекс, Интерпол и Европол, односно Европскиот

центар за криумчарење мигранти (EMSC). Исто така, во насока на размена на информации и поведување на заеднички истраги, и годинава, претствници од ОСОСК зедоа учество на редовниот трилатерален оперативен состанок со МВР на Р.Србија и Р.Унгарија.

Преземени се мерки и активности за сузбивање на организирани облици на недозволена трговија со дрога од меѓународен карактер, при што вршена е размена на податоци и информации со надлежните служби за борба против дрога на Германија, Косово, Бугарија, Грција, Турција, Албанија, Швајцарија, Италија, Србија, Црна Гора, Австралија, со институцијата за борба против дрога DEA од САД, со цел преземање на мерки и обезбедување на докази. Успешна соработка е остварена помеѓу Јавните обвинителства од Северна Македонија и земјите од регионот. Со помош на меѓународна соработка реализирани се два случаи на наша територија во кои се спречени два меѓународни транспорти за недозволена трговија со кокаин и мариахуана, а во рамки на една истрага во соработка со Србија сузбиена е организирана криминална група.

## *Меѓуинституционална соработка*

Заради поголема ефикасност и функционалност во борбата против криминалот, Министерството и оваа година продолжи да ја зајакнува и унапредува на меѓуинституциналната соработка. Во 2018 година, Министерството за внатрешни работи, оствари успешна соработка  во однос на размена на информации, водење на истраги и слично со Управата за финансиско разузунавање, Управата за финансиска полиција, Управата за јавни приходи, Царинската Управа, Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и други надлежни Јавни обвинителства, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за катастар на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Северна Македонија, Агенција за храна и ветеринарство, Народната Банка на Северна Македонија, Министерство за здраство и други. Во рамки на остварената меѓуинституционална соработка беше сузбиена организирана група за набавка и пуштање во оптек на фалсификувани банкноти, а во областа на криумчарење мигранти и  недозволена трговија со дрога водени се заеднички истраги.

На ниво на Секторите за внатрешни работи  најинтензивна меѓуинституционална соработка остваруваа Отсеците за превенција кои преку спроведување на повеќе кампањи и акции соработуваа со Меѓународни организаци НВО: Отсекот за развој на полицијата при Мисијата на ОБСЕ проект „За безбедни училишта“, Говор на омраза, UN Habitat, UN Women проектната калцеларија на UN Women во Скопје, НВО ХОПС – Опција за здрав живот, НВО “Реактор” истражувачка агенција, како и со Училишта, Здруженија на граѓани, Месни заедници, Советодавни групи на граѓани, Локални совети и медиуми.

## *Потраги*

Во областа на ***потражната дејност***, е постапувано по вкупно **989**(1147), централни потерници, кои се намалени за 13,7% во споредба со минатата година Од распишаните централни потерници добиени се 1.234 барања за запирање на потерниците. Одделението за потраги по наредба на надлежните судови и казнено поправните установи, распиша



**222 (157) меѓународни потерници по лица**. Врз основа на распишаните потерници од Северна Македонија, во странски држави пронајдени се и лишени од слобода 86 (135) лица, а врз основа на распишани меѓународни потерници од страна на други НЦБ-а, во Северна Македонија **лишени се од слобода 31** (21) лице. По завршена екстрадициона постапка, екстрадирани се **71** (80) лице, од странски земји во Северна Македонија се преземени **58**(54) лица, додека од Северна Македонија во други земји, се предадени 13(24) странски државјани.

## *3.3 Активности на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет*




Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет континуирано преземаше мерки и активности во насока на реализација на годишната програма за работа и имплементација на стратешките документи. Во рамките на своите надлежности, а во соработка и координација со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, Единицата преземаше активности во врска со изготвувањето на Стратешкиот план на МВР 2018-2020 и Нацрт - стратешкиот план на МВР 2019-2021, а исто така вршеше мониторинг и евалуација на имплементацијата на Стратегијата за развој на полиција 2016 – 2020, следејќи го процесот на имплементација на акцискиот план.

Во 2018 година беа спроведени 65 стручни надзори во врска со работењето на организациските единици во состав на Бирото за јавна безбедност, согласно плановите за стручен надзор во организациски единици, за согледување на состојбите за примена на воспоставените стандардни оперативни процедури и за согледување и увид на работниот процес по пријава за „тешка кражба". Исто така, извршен е надзор на планот за стручен надзор над спроведувањето на обуките со полициските службеници, при што реализирани се 14 усогласувања и насочувања во работата на полициските службеници. Изработени се и повеќе инструктивни телеграми, со кои се дадени инструкции за постапување во делот на усогласувањето на методологијата за работа, постапувањето со лица носители на дипломатски имунитет, користењето на социјалните мрежи и други околности кои се поврзани со извршувањето на полициските работи и професионалноста на полициските службеници.

> ***Мониторинг и евалуација на имплементацијата на Стратегијата за развој на полиција 2016 -2020;***
>
> ***Спроведени 65 стручни надзори над работата на организациските единици во Бирото за јавна безбедност и 14 усогласувања и насочувања во работата на полициските службеници.***

Покрај наведените активности, Единицата континуирано преземаше активности и во врска со планирањето и спроведувањето на проектните активности кои се однесуваат на полициското работење, при што активно учестваше во работата на координативните тела, работните групи и комисии, обуки, конференции, семинари и слично.

## *3.4 Активности на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа*

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, континуирано преземаше активности за собирање, обработка и анализа на податоци и информации во врска со следењето на безбедносната состојба и преземањето на мерките и извршувањето на полициските работи и одржувањето на јавната безбедност. Во оваа насока активностите посебно беа насочени кон следење на мерките и анализирање на состојбите по области на криминал, со цел навремено детектирање и предочување на ризиците и заканите, како превентивна мерка за успешно справување со сите предизвици.

Покрај анализа на статистичките податоци, извршено е анализирање и на останатите параметри кои влијаат на појавата на криминалот, вклучително и состојбите од пошироката околина и опкружувањето. Преку изработка на аналитичките продукти и други информации, податоците и согледувањата благовремено беа презентирани на раководните службеници од надлежните организациски единици, заради нивно информирање и натамошно постапување, односно концептуално планирање и координирање на активностите при вршењето на полициските работи, како на стратешко, така и на оперативно и тактичко ниво.

Во интерес на унапредувањето на аналитичките процеси, Одделот преземаше и мерки за координација на активностите кои се извршуваат од страна на подрачните аналитички служби, преку организација и спроведување на работни состаноци и обуки на кои присуствуваа и нивните вработени, а притоа беа преземени активности за следење на проектните процеси. Активно беше учествувано во повеќе работни групи, конференции, семинари, обуки, а за одбележување е одржувањето на Првата регионална аналитичка конференција на тема „Регионалните искуства во имплементација на моделот на полициско работење водено од разузнавање, во организација на Министерството и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на која беа разменети искуства помеѓу аналитичарите во регионот.

***следење на безбедносноени настани;***

***детектирање на закани и ризици;***

***подршка на криминалистички истражувања***



Во доменот на воспоставените криминалистички истражувања, Одделот даваше поддршка на надлежните организациски единици преку изготвување на информации за поврзаните настани, изготвување на аналитички продукти и учествуваше во активности при спроведување меѓународни акции. Како позначајни документи од стратешки и оперативен карактер, се стратешка проценка, анализа на ризик во граничното работење, методологија

за изработка на Анализа на ризик во граничното работење, упатство за Анализа на ризик во граничното работење и обрасците на аналитичките продукти, извештаи за состојбите со криминалистички истражувања и детектираните криминални групи.
Во рамките на активностите за документирање и информирање, покрај генерирањето на статистичките податоци и информирањето на дневно, месечно, неделно и периодично ниво, Одделот континуирано извршува работи и задачи поврзани со размена на податоци помеѓу организациските единици, кои се во склоп на Министерството за внатрешни работи. Исто така Одделот обезбедува податоци за пополнување на доставените прашалници и изготвува одговори по барањата од другите органи и институции кои се надлежни за спроведување на законските прописи, вклучувајќи ги и барањата од други држави или меѓународни институции, како и корисниците на податоци и информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Одделот зеде учество и во спроведувањето на активностите за ажурирање и изготвување на стратешки документи, прашалници кои се изготвуваат во рамките на други инститиции и меѓународни организации, како и во активностите за воспоставување на контакт точка за оружје.

### *3.5 Активности на Одделот за заеднички работи и управување со чоевчки ресурси*



Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси изготвуваше подзаконски акти, правни мислења, насоки и договори со други државни органи и правни субјекти во врска со работењето на организациските единици во Бирото за јавна безбедност, при што во текот на 2018 година постапено е по 400 правни акти, а дадени се и над 570 одговори по барања за лични податоци со што околу 10.000 податоци се дадени на користење на овластените подносители. Исто така, преку свои претставници, Одделот активно учествуваше во кривични постапки, работа на работните групи кои се формирани од страна на министерот за внатрешни работи, извршуваше финансиски работи и слично.
Во рамки на Одделението за заштита на лични податоци, по извршен надзор и добиени насоки од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци, изготвена е предлог Процедура за правото на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци, а исто така земено е учество и во работната група за изработка на нов Предлог-Закон за заштита на личните податоци, чиј носител е Министерство за правда.
Во текот на 2018 година во рамките на Бирото за јавна безбедност спроведени се 628 дисциплински постапки, од кои во 39 случаи изречена е мерка "откажување на договорот за вработување"; додека по основ на материјалната одговорност донесени се 18 одлуки.
Во областа за управување со човечките ресурси донесени и спроведени се 3.900 решенија за распоредување, 4.500 решенија за плата во врска со

***4.500 решенија за плата во врска со зголемување на бодовите за полициски службеници;***

***Спроведена постапка за селекција за прием на 550 извршители;***

зголемувањето на бодовите за полициските службеници, како и мноштво на други конкретни акти во врска со остварувањето на правата од работен однос по основите кои се утврдени во Колективниот договор на МВР, а притоа преземени се и активности за доставување на одговор по поднесените приговори, како и заведените судски постапки.
Во 2018 година распишани се интерни огласи за пополнување на 62 слободни односно упразнети работни места во рамките на Бирото за јавна безбедност, а исто така завршена е постапката за селекција на кандидатите кои се пријавиле на јавниот оглас од 04.08.2017 година за прием на 550 извршители на работно место “полицаец “. Врз основа на спроведена постапка по јавениот оглас од 15.07.2016 година и завршената основна обука за полицаец, Министерството за внатрешни работи склучи Договор за вработување со најдобро рангираните кандидати, кои сметано од 01.06.2018 година се стекнаа со статус полицаец-приправник и беа распоредени во организациските единици во БЈБ.
Во текот на 2018 година, спроведено е електронско полагање на приправнички испит за 1.189 приправници и 18 посебни испити за самостојно вршење на работите на определено работно место, по што на работниците им се издадени уверенија за положен испит. Исто така, реализирани се 427 форми на стручно усовршување на кои учествувале 13.326 работници од Бирото, а изготвена е и анализа и листа на потреби за обуки на работниците во Бирото за јавна безбедност, во врска со донесувањето на Годишниот план за 2019 година.

### *3.6 Активности на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења*



Во 2018 година за одбележување е акредитацијата на Одделот за криминалистичко - технички испитувања и вештачења, односно имплементацијата на стандардот ИСО 17025 беше успешно завршен во шест лаборатории, а опсегот на акредитација на Одделот досега опфаќа девет методи. Ова е потврдено и од спроведениот годишен надзор од страна на експертски тим номиниран од Институтот за акредитација во земјата.
Во дел од лабораториите беше спроведено и тестирање од надворешни агенции, при што беше потврдена компетентноста за спроведување на следните видови анализи: ДНК идентификација (за траги и лица), идентификација на запленета дрога, предизвикување траги од папиларни линии, дактилоскопија, балистика (анализа на чаури и проектили), присуство на алкохол во примероци од крв и др. Долгодишната стратешка цел на Одделот за изградба на објект согласно строгите ИСО стандарди предвидени за функционирање на современи форензички лаборатории отпочна да се реализира, за што од страна на Европската унија е одобрен буџет, избрана е локација за градба и завршен е дизајнот за новиот објект.

Во отсекот за дактилоскопска регистрација и идентификација на лица, извршени се 2.586 крим.регистрации во АФИС системот и утврдени се 2.665 идентитети на лица. Во делот на регистрација и ДНК идентификација на лица извршени биле 2.386 екстракции на ДНК, како и 3.569 PCR амплификации. Од Секторот за меѓународна полициска соработка, биле доставени 1.011 ДНК профили за проверка, при што утврдено е совпаѓање за пет ДНК профили. Во Одделението за траги од папиларни линии и прием и селекција на биолошки материјал пристигнати се 2.990 барања, додека во Одделението за дактилоскопија се доставени вкупно 1.888 барања за вештачење траги од папиларни линии. Во делот за биолошки испитувања и ДНК идентификација, примени се 2.600 барања, а значаен дел од активностите се и вештачењата на т.н. "колд-хитови" (поврзувања на ДНК од траг со лице кое евидира во база без да е истото осомничено за делото), при што извршени се вкупно 415 "колд" поврзувања.

***Извршени 13.478 увиди од кои се обезбедени вкупно 29.022 траги и предмети. Најголем дел од увидите-8.272 се извршени во областа на имотниот криминал, потоа следат увидите во областа на сообраќајот-3370, крвни делиткти-947, пожари-617 и други.***

Во Одделението за токсикологија и дроги завршени се 3.968 предмети, од кои 1.435 токсиколошки анализи и анализа на дроги, 1. 523 за анализа на алкохол, а 1.010 за метаболити од дрога. Потоа, примени се 720 барања во Одделението за микро траги, од кои најголем дел 307 се однесуваат на траги од испалување со огнено оружје. Во делот на механоскопија и балистика работено е по 1.592 барања, при што извршени се вештачења за брави и катанци-490, карактеристики и исправност на муниција-223, исправност на оружје-205, идентификации на чаури и проектили-185, идентификациони броеви на возила-169, механички траги-165 и слично. Спроведени се 27.973 анализи и изработени се 449 извештаи од вештачење за испитување спорни документи. Полиграфската техника е применета при расветлување на 31 кривично дело со спроведени 61 полиграфско тестирање, додека креирањето лик по исказ на сведок е применето само еднаш. Изработени се 1.856 фотографии, 142 обработки на видео материјали, 137 видео и фото документирање, како и 21 крим.техничка обработка на возило.

Претставници од Одделот беа вклучени во активности во рамките на проектот за превенција и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни супстанции, чии активности воглавно опфаќаа учество на обуки и нивно остручување за обучувачи. Потоа во рамките на проект за интероперабилност помеѓу институциите во областа на правда и внатрешни работи набавена е информатичка опрема наменета за поврзување на Министерството со други надворешни институции. Во рамки на твининг проектот за јакнење на капацитетите за истраги на место на настан кој се имплементира со партнери од форензичките служби на Литванија и Латвија се изработени 12 стандардни оперативни процедури за постапување со одредени траги и е направена ревизија согласно најдобрите ЕУ практики на прирачникот за постапување со материјални траги од место на настан.

## *3.7 Активности на Одделот за заштита на определени личности и објекти*



Одделот за заштита на определени личности и објекти континуирано преземаше мерки и активности за обезбедување на личностите и објектите што се обезбедуваат во согласност со законските и подзаконските прописи, како и меѓународните договори од наведената област. Во таа насока, преземаше активности за обезбедување на објекти од државен интерес, возови и други објекти од посебно значење, обезбедување на амбасади, канцеларии за врски, резиденции и останати објекти на дипломатските мисии кои се акредитирани во Северна Македонија. Исто така, преземени се мерки и активности за лично обезбедување на високите државни функционери, министри, поранешни претседатели и други личности, кои остварија повеќе официјални работни посети и присуствуваа на повеќе манифестации од различен карактер како на територијата на Северна Македонија, така и во странство.



Во делот на противдиверзионата заштита, дефанзивно-електротехничко обезбедување и противпожарна заштита преземени се активности за превентивно надгледување и опсервација на безбедносно интересни точки и локации, координација на активностите со територијалните противпожарни единици во врска со заштитата на објектите кои се предмет на обезбедување, потоа активности за дефанзивно електротехничко обезбедување, како и хемиско-биолошка и радијациска заштита преку преглед на пратки, лица, возила и објекти, проверка на прехранбени производи, дезинсекција, дезинфекција и дератизација на објектите, како и други мерки во согласност со програмите за посета и плановите за обезбедување;

Во 2018 година, беа преземени мерки и активности за обезбедување на вкупно 181 странска делегација со различни степени на обезбедување и тоа: 144 странски делегации од I, II, III степен или IV степен, 13 акредитации на странски амбасадори, пет обезбедувања на транзит на странски делегации и 19 обезбедувања на манифестации кои се одржуваа на територија на Северна Македонија. Исто така, извршени се 1.833 сообраќајно-ескортни обезбедувања за домашни личности во Скопје и 732 обезбедувања на ВИП личности и странски делегации на нашата територија.

Во интерес на имлементација на стратешките документи, како и почитување на европските стандарди, Одделот отпочна активности за воспоставување на стандарди и критериуми за професионалност, психофизичка подготвеност и компетентност на своите вработени, при што учествувано е на повеќе обуки и конференции, а исто така извршено е и кадровско екипирање и материјално-техничко опремување на организациските единици.

### *3.8 Активности на Одделот за заштита за специјални полициски операции*



Одделот за специјални полициски операции, за остварување на функцијата на Министерството своите работи и работни задачи ги насочи кон заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата, оневозможување на насилно уривање на демократските институции конституирани со Уставот, одржување на стабилен јавен ред и мир. Покрај другото, Одделот својата активност ја насочи и кон воспоставување на уште посовремен начин на раководење, командување и контрола, како и реализација на обуките што придонесе рационализација во функционирањето и поголем квалитет во извршувањето на поставените задачи.

Одделот континуирано ја следеше состојбата од областа на јавниот ред и мир и преку организациските единици во неговиот состав, постапуваше по барања за обезбедување на спортски натпревари од висок ризик, јавни протести и други настани и манифестации од државен, културен или верски карактер, со што придонесе за успешно реализирање на предвидените активности. Вработените посебно беа ангажирани со сили и средства за асистенции барани од судовите, со особен акцент за спровод на притворени лица од затворите, осомничени за тешки кривични дела.



Интензивната соработка на Одделот со другите организациски единици на Министерството, а посебно со Одделот за заштита на определени личности и објекти, резултираше со заеднички вежбовни активности со цел утврдување на меѓусебните надлежности и начините на заедничко дејствување.

Во 2018 година, Одделот во содејство со други организациски единици во Министерството, реализираше бројни заеднички активности за спречување на недозволена трговија со дрога, оружје, трговија со луѓе и илегална миграција, а придонесе и за мирно спроведување на референдумот. По повод празникот на Министерството, овој Оддел беше носител во планирање, координирање и реализација на презентациите во полициската база во Ѓорче Петров, во Охрид и Штип, а за истакнување е дека после 10 години се спроведе и реализира тендерот за набавка на комплетна униформа за припадниците на Единицата за специјални задачи. Изграден е  нов и модерен објект за тактички вежби-куќа за пукање кој ќе овозможи унапредување на вештините на безбедносните сили.

### 3.9 Активности на Одделот за воздухопловни единици



Одделот за воздухопловни единици, заради одржување и зголемување на оперативноста на персоналот и во согласност со ресурсите-хеликоптерите со кои располага во текот на 2018 година спроведе 1.102 тренажни, оперативни и летови за доспособување на летачкиот персонал. Аеродромската полициска база извршуваше работи кои се во функција на овозможување, координација и логистичка подршка на воздухопловните единици сместени во базата во доменот на складирање и чување на воздухопловни горива и мазива, противпожарно обезбедување, а во соработка со надлежните организациски единици во Министерството организира надворешно физичко обезбедување, просторно и хортикултурно уредување, одржување на високонапонска и нисконапонска електрична инсталација и останати матријално технички средства во базата.

### 3.10 Активности на други единици

Единицата за службени кучиња преку водичите на службени кучиња во текот на годината постапувала по вкупно 1.725 барања, од кои по барање на Одделот за антитерерозирам и деминирање–1.487 случаи, Оддел за заштита на определени личности и објекти во 303 случаеви, а во 36 случаи е постапено за откривање на опојни дроги, наркотици, оружје и муниција. Единицата учествуваше и во меѓународни оперативни операции, кои се реализираа на дел од граничните премини во нашата земја.

Припадниците на Единицата за прв одговор и интервенција-АЛФА при вршење редовна дејност, по разни законски основи привеле вкупно 2.365 лица. Од нив врз основа на телеграма, потерница, гласник и судска наредба приведени се 485 лица, под сомнение за извршено кривично дело приведени се 315 лица, непосредно по извршување на кривично дело 89 лица, а на лице место при извршување на кривично дело затекнати се 22 лица. Исто така, приведени се 671 лице кај кои при претрес се пронајдени наркотични дроги, при интервенции во случаи на нарушување на јавниот ред и мир приведени се 255 лица, а во 315 случаи е дадена асистенција при претрес на дом.

